# МОНОГРАФИЈА

## 1992-2022

**30** ГОДИНИ ЦАРИНСКА УПРАВА

# МОНОГРАФИЈА
# 30 ГОДИНИ ЦАРИНСКА УПРАВА

Скопје, 2022 година

Наслов: МОНОГРАФИЈА 1992-2022, 30 ГОДИНИ ЦАРИНСКА УПРАВА

Уредник:
Славица Кутиров

Рецензенти:
Митко Димитровски
Саша Сашек Гошева
Катерина Донеска
Јованчо Секуловски

Автори:
Драган Јолевски
Лидија Лекоска
Оливера Чаловска
Јасминка Јакимовска
Лилјана Живковиќ Давиткова
Лихнида Димковска
Жаклина Андреска
Јулијана Ристовска
Анастасија Бачевска Васиќ

Лекторирање и редакција:
Зденка Павковиќ

Графички дизајн:
Сигнуп Дигитал ДОО – Скопје

Печатница:
Принт Фактори ДООЕЛ – Скопје

Тираж:
300

Издавач:
Царинска управа на Република Северна Македонија

# Содржина:


Царинската служба низ историјата
до осамостојувањето........................................................................................ 9

Царинската управа во првата декада
по осамостојувањето (1992 – 2001)....................................................................15

Царинската управа во втората декада
од осамостојувањето (2002 – 2011)................................................................... 35

Царинска управа денес – модерен сервис
за граѓаните и општеството (2012 – 2022)........................................................ 75

Директори на Царинската управа.................................................................... 107

Прослава на јубилеј – 30 години
Царинска управа – 30 години посветеност..................................................... 110




Одбележувањето на јубилеите секогаш е пропратено со чувство на гордост и возбуда, кога вообичаено се наметнуваат прашањата: Од каде почнавме? Што направивме? Можевме ли повеќе?

Пред 30 години, Собранието на независна и самостојна Република Македонија го донесе првиот Закон за Царинска управа, со кој таа се етаблира како самостоен орган со својство на правно лице, овластен да ги спроведува законите и прописите од областа на царините во нашата држава. Се регулираше контролата на протокот на стоки и патници преку државните граници и начинот на спроведување на царинските постапки. Со законот се пропишаа царинските ознаки, службената униформа и службените легитимации. Се воспоставија граничните премини Табановце, Блаце, Јажинце и Пелинце и со тоа се заокружи процесот на поставување на темелите на денешната Царинска управа и се обезбеди и гарантира економскиот интегритет на нашата држава. Со тоа започна изградбата на основните столбови на институцијата, преку дооформување на законската рамка, на организациското и кадровското екипирање. Во годините потоа бележиме повеќе значајни моменти од развојот на Царинската управа.

Во 1994 година Република Македонија станува членка на Светската царинска организација кога пристапуваме и кон Меѓународната конвенција за Хармонизиран систем на имиња и шифрени ознаки, како резултат на што во април 1996 година донесен е првиот Закон за царинска тарифа. Две години подоцна донесен е и првиот Царински закон со кој Управата станува орган во состав на Министерството за финансии. Во јули 1999 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за данокот на додадена вредност, со кој се регулираа надлежностите и стапките на ДДВ при увозот на стоки и услуги.

Во мај 1996 година имплементирани се првите модули од новиот систем за автоматска обработка на царински декларации, ASYCUDA. Обезбедена е автоматика во работењето и електронска евиденција на царинските декларации, кои навремено и квалитетно се доставуваат до Народната банка, Државниот завод за статистика и други државни институции. Директен пристап во системот имаат шпедициите, Јавното претпријатие за аеродромски услуги, Македонски железници, Македонија сообраќај, Македонска пошта и брзите пошти.

Во 2004 година се формира Секторот за контрола и истраги, со голема поддршка од програмата на Европската комисија - Канцеларија за царинска и фискална поддршка – КАФАО-МАК, како и поддршка во опрема и обуки од Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) на Соединетите Американски Држави и Управата за царини и приходи на Обединетото Кралство.

Во 2005 година пуштена е во функција новата зграда на Царинската управа, изградена во рамките на TTFSE[1] проектот

1 Trade & Transport Facilitation in Southeast Europe Project

финансиран од Светска банка, во која е сместен и прввиот современ податочен центар.

Во 2005 година е донесен новиот Царински закон, целосно усогласен со царинското законодавство на Европската Унија, а со измените во 2010 година, обезбедена е правната рамка за задолжителна електронска царинска декларација, како основа за идниот развој на информатичките системи и бесхартиеното царинско работење.

Значаен момент претставува и преземањето на управувањето со акцизите од Управата за јавни приходи, на 1 јануари 2010 година. Ова преземање, меѓу другото, ги вклучува надлежностите за издавање на акцизните дозволи и одобренија, издавање на контролните марки, пресметката, утврдувањето и наплатата на акцизата.

Во втората декада продолжува да се гради Царинскиот информационен систем - МАКЦИС, преку дигитализација на процесите од поширокиот делокруг на царинското работење. Воведени се повеќе нови електронски системи.

Голем исчекор во дигитализацијата на царината е направен на 1 ноември 2008 година со пуштање на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – ЕКСИМ. Преку овој систем на економските оператори им се овозможи добивање на повеќе од 60 видови дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки по електронски пат.

Значаен датум во развојот на Царинската управа е и 1 јули 2015 година кога нашата држава, прва во регионот, пристапи кон Конвенцијата за заедничката транзитна постапка, на што претходеше развој, имплементација и приклучување кон европскиот заеднички Нов компјутеризиран транзитен систем – НКТС, со кој за економските оператори е обезбеден побрз проток на стоките со минимални застанувања и гранични формалности. Овој значаен проект, паралелно со проектот за имплементација на системот за Интегрираната тарифна околина – ИТО, се реализирани со финансиска поддршка на Европската Унија.

Дигиталната трансформација на Царинската управа, после долг период на развој и подготовки е етаблирана со пуштање во работа на Системот за обработка на царински и акцизни документи - СОЦДАД, на 3 јуни 2019 година. Овој комплексен систем ја донесе т.н. „нова ера“ во царинското работење. Со него е воспоставена нова напредна платформа за бесхартиено царинско работење, интегрирана со останатите царински системи и интероперабилна со системите на владините институции и царинските системи на ЕУ.

Поради сето ова, ние во Царинската управа навистина сме горди. И не застанавме тука.

Иако на почетокот од 2020 година се соочивме со непредвидливоста и стравот од пандемијата со КОВИД-19, како институција покажавме исклучителна способност за брзо прилагодување и проактивно дејствување во ново настанатите околности.

Со финансиска поддршка од Европската Унија, успешно имплементиравме неколку значајни проекти за модернизација на царинското работење и инфраструктура. Ја ставивме во функција новата современа опрема за царинска лабораторија со што овозможивме примена на нови техники и аналитички методи на испитување. Ги реконструиравме најголемите гранични премини на клучните коридори кои поминуваат низ нашата земја – Табановце, Богородица и Ќафасан. Во соработка со Министерството за внатрешни работи, воспоставуваме нов податочен центар за возобновување од катастрофи, применувајќи најсовремени информатички и безбедносни стандарди. Заедно со нашите колеги од Хрватска и Австрија, од Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, реализираме твининг проток за подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи.

Со поддршка од Светската банка и Меѓународната финан-

сиска корпорација – IFC, преку Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во земјите од Западен Балкан, во соработка со Владата и другите надлежни институции, го подготвивме Блупринтот за новиот Национален едношалтерски систем, во кој ги вградивме барањата за примена на најсовремените стандарди и практики за олеснување на прекуграничната трговија.

Започнавме интензивни активности на регионална соработка, никогаш не била на повисоко ниво, отколку денес. Со иницијативата „Отворен Балкан" реализираме повеќе активности кои придонесуваат кон дополнително забрзување на протокот на стоки и патници. Успешно функционираат заедничките контроли и концептот на OneStopShop со Србија на граничниот премин Табановце, а се работи и на имплементација на истиот концепт со Албанија и Косово.

„Зелените коридори" за проток на осетлива стока успешно и непречено функционираат во регионот на ЦЕФТА, а го потпишавме и првиот меморамдум за размена на податоци со Република Грција, соседна земја членки на ЕУ. Преку новиот СЕЕД+ проект на ЦЕФТА, работиме на дополнителна размена на податоци и гранични документи. Бележиме и значаен напредок во взаемното признавање на компаниите со статус на Овластен економски оператор со Србија, а интензивно работиме и на взаемно признавање на овој статус со Албанија.

Покрај соработката со царинските служби на земјите во регионот, одржуваме блиска соработка со Амбасадите на Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, со Царинската служба на Јужна Кореа, со Светската царинска организација, но и со повеќе меѓународни организации, како што се, Канцеларијата на обединетите нации за дрога и криминал - UNODC, Германско друштвото за меѓународна соработка - GIZ, OSCE, CEFTA и други.

Од посебно значење за нас е соработката со бизнис заедницата, која веќе долги години е императив во нашето работење. Преку редовни состаноци на Советодавното тело во кое членуваат сите стопански комори и други трговски и транспортни здруженија, се разгледуваат отворените прашања и проблеми, а се дискутираат и новите иницијативи и планирани промени во царинското работење.

Изминативе години, со сите нив, во многу проекти и активности заедно се соочувавме со предизвиците, но ги споделувавме и постигнатите успеси и резултати.

Движечка сила на сите овие достигнувања се, пред сé, вработените во Царинската управа. Втемелена во традиционалните почетоци на осамостојувањето, со огромна динамика на развој, Царинската управа, изминативе 30 години прерасна во вистински сервис на граѓаните, деловната заедница и државата.

Денес таа е модерна, технолошки напредна служба и лидер на промените во регионот, рамо до рамо со царините на земјите во Европската Унија. Постојано исправена пред предизвикот - да одржува рамнотежа на забрзување на прекуграничната трговија и истовремено да применува ефикасни мерки и контроли за заштита на здравјето, безбедноста и финансиските интереси на државата.

Ние во Царинската управа сме горди на постигнатото, но тоа е и наш мотив за уште поголеми резултати во иднина.

Честит јубилеј – 30 години Царинска управа!

Царинска управа на Република Северна Македонија
М-р Славица Кутиров, директор

# Царинската служба низ историјата до осамостојувањето

Царината и царинскиот систем се од големо значење за развојот и заштитата на економијата на една земја. Без современа царина и царински систем, не може да се постигне економски просперитет на земјата или нејзината интеграција во меѓународните економски текови. Во економска смисла, модерната царина е регулатор на заштита на домашната економија, а со тоа се создаваат услови за економски развој на земјата. Царината е потребна на секоја земја и нејзината економија, без оглед дали се работи за земја во развој, во транзиција или за развиена земја.

Зачетоците на царинската служба во Македонија влечат корени од Отоманската империја каде царината била главен извор на владините приходи и истата се смета дека била организирана врз основа на царинскиот систем на Византија. На почетокот на 18-тиот век во империјата имало повеќе од 100 големи царински испостави. Сепак, во 1854 година во регионот добро организирана царинска служба, со добри царински складишни услуги, постоела само во Солун, додека организацијата на царинската служба на територијата на денешна Република Македонија била во многу лоша состојба. Со тек на време, со развојот на трговијата, трговскиот сталеж во Скопје и Битола тежнеел кон формирање царински испостави во овие градови за да можат овие трговски центри да обезбедат независен развој на трговијата со европските држави. Долгогодишните напори на трговскиот сталеж во Скопје резултиралесо отворање царинска испостава во Скопје во 1893-1894 година, по што биле изградени повеќе од 40 магацини и едно складиште на железничка станица.



Секојдневна работа во испостава Маџари

По Првата светска војна, во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, покасно преименувано во Кралство Југославија, имало 13 главни царински испостави од кои една во Скопје. Според состојбата на организацијата на царинската служба од 1936 година, од вкупно 52 царински испостави, на територијата на денешна Република Македонија се наоѓале испостави во Битола, Дебар, Гевгелија, Охрид, Скопје и Струга.

По Втората светска војна, царинската служба на тогашната Федеративна Народна Република Југославија, започнува со работа во 1944 година, во царински испостави во ослободените територии, за во периодот од 1947 до 1948 година организацијата да почне да се поставува на нови основи, кога за работа на граница се избирале млади мажи и жени

од младинските работни акции, а делумно и од редовите на Југословенската народна армија и Министерството за внатрешни работи. Во текот на 60-тите, па сè до средината на 70-тите години, темелно се менувала структурата на вработените и се зголемувал бројот на оние со вишо и високо образование. Според податоците од 1984 година, во Сојузната управа на царини имало 4414 вработени, од кои 288 царински службеници во Социјалистичка Република Македонија.



Царински преглед на стока



Патнички промет на граница

За зачувување на професионалниот интегритет на царинските работници и за да се елиминира можната злоупотреба на службената должност, државата обезбедувала висок личен доход за вработените. Се водело сметка и за создавање поволни услови за работа на сите гранични премини и внатрешни организациски единици, со цел зачувување и одржување на здравјето на царинските работници. Во таа насока, се организирало работното време по смени од 8 до 12 часа, се организирал превоз до работното место, се решавало станбеното прашање на царинските работници и др. За јакнење на интегритетот и заедништвото на царинските работници се организирале спортски и различни други општествени активности, се граделе заеднички одморалишта за летување и зимување, солидарно се помагале семејствата на царинските работници во случаи на разни непогоди или потешки видови болести кај вработените

и членовите на нивните семејства, односно се работело на континуирано меѓусебно зближување на вработените и подигање на свеста за лојалноста кон службата кај поголемиот дел од царинските работници.



Во 1962 година биле претставени и првите белези на униформата. На левата страна од униформата бил амблемот со големина од 3х5 см, без обележја за положбата во службата. Службената положба била видлива од шапката. Професионалните службеници имале чин од позлатено предиво, исплетено во вид на трака, а супервизорите имале лента во платинесто сребрена боја. Возачите, куририте и техничкиот персонал имале лента од црна кожа. На шапката се носела петокрака ѕвезда без подлога.

Вистинска модернизација на царинската служба, што се смета и за почеток на дигитализацијата на царината, започнува во 1971 година кога од страна на тогашното Собрание на СФРЈ бил донесен Законот за финансирање на модернизација на царинската служба од 1971 до 1975 со кој се предвидени средства за купување на првите сметачки машини и пропратен софтвер. Со воведувањето на првиот систем за автоматска обработка на податоци, се јавува потреба и од промени во организацијата на Сојузната управа на царини, обезбедување нов соодветен кадар, обука на царинските службеници и адаптација на царинската регулатива на новиот начини на работа. Така во 1972 година е основан првиот Електронски сметачки центар (ЕРЦ) како самостојна единица во тогашната Сојузна управа на царини, кој целосно опремен, свечено е пуштен во функција на 26 декември 1974 година.



Првата сервер сала во ЕРЦ во Белград во 1981 година

Истовремено, регионалните центри во Скопје, Белград, Љубљана, Загреб, Сараево и Сплит добиле уреди за прифаќање и пренос на податоци тип „MDS 6400" со порти за локални печатачи. Овие центри ги добивале изворните документи од царинските испостави од кои податоците се запишувале на магнетна лента и преку телефонска мрежа се проследувале до централниот електронски сметачки центар. По истата комуникациска мрежа, во регионалните центри се враќале обработени податоците, каде што се печателе и испраќале до царинските испостави и останатите клиенти.

До мај 1975 година биле заменети сите форми и документи и е издаден првиот пропис за начинот на пополнување и поднесување на царински декларации прилагодени за автоматска обработка на податоците. Промените се однесувале на начинот на пресметка и плаќање на царинските давачки и начинот на пренесување на овие податоци преку

електронска комуникација. Се воведуваат и првите контроли на податоците во царинската декларација и централна контрола над состојбата на привремен увоз настока во магацините за консигнација. Поради новиот начин на работа во 1976 година се укинува пријавата за увоз и извоз врз основа на која се подготвува статистиката од надворешно трговската размена. Сите потребни информации веќе се во новата царинска декларација и се испраќаат на Сојузниот статистички завод само на магнетна лента. Во 1977 година се воведува систем за пресметка на давачки и сметководствена евиденција со кој стоката може да се подигне од царински надзор, ако за истата е обезбедена банкарска гаранција.

Натамошната модернизација на Царинската служба резултирала и со изградба на нови згради за сметачки центри и надградба на тогашниот сметачки систем. Во 1980 година бил инсталиран нов систем на платформа од производителот IBM, со централна конзола со екран и тастатура, удар-читач на картички, печатачи и единици со магнетни ленти, а со новите единици се управувало преку локални терминали.

Поради зголемениот обем на автоматска обработка на податоци, формиран е Сектор за информатика и наплата на буџетски приходи и статистика, кој е поделен на Центар за информатика и автоматска обработка на податоци и Одделение за наплата на приходи и статистички анализи.

Во 1981 година во царинската декларација првпат се воведува и матичниот број на правното лице (во тоа време организации на здружен труд), што овозможува следење на надворешно трговското работење – увоз и извоз на ниво на правно лице. Врз основа на овие податоци, а во согласност со Законот за девизно работење, се овозможило дел од девизните средства остварени со извозот, компаниите да можат да ги задржат за набавка на репроматеријали.



Царински службеници од Секторот за информатика и наплата на буџетски приходи и статистика во Скопје во 1983 година

Главни центри на развојот на информатиката во овој период биле сметачките центри во Белград и Љубљана.

Во Социјалистичка Република Македонија единствен централен внес на податоци бил реализиран во Регионалниот сметачки центар во Скопје. Внесените податоци од царинските декларации се проследувале до сметачкиот центар, каде се проверувале и се враќале листи на грешки. Врз основа на овие листи, организациските единици каде се евидентирани царинските документи обезбедувале дополнителна контрола на документите, дополнителна наплата и елиминирање на евидентираните грешки.



Електронски сметковен центар на сојузна управа за царини

Царинските работи во моментот на осамостојување на Република Македонија ги вршеле три царинарници – Скопје, Битола и Гевгелија, со само 279 вработени колку што ги имало на крајот на 1991 година. Без соодветна законска регулатива и во услови на непостоење на централна управа, раководството на трите царинарници ја координирало царинската дејност во државата преку формирање на неформален колегиум на тројцата управници кои редовно се состанувале во Скопје. На почетокот на 1992 година, тогашниот управник на Царинарница Скопје донел наредба со која определиле 4 царински службеници за вршење длабинска контрола на оние места каде што има потреба, со цел обезбедување мерки за царински надзор на стока од странско потекло, спречување илегален увоз и внесување стока, оружје, муниција, дрога, отрови и штетни материи, како и внесување динари[2] со потекло од други републики од СФРЈ.

2 Југословенскиот динар бил официјална валута во Кралството Југославија, Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Сојузна Република Југославија



Преглед царинење на стока во испостава Маџари

Контролата врз царинското подрачје на Република Македонија започнува да се спроведува уште на почетокот на 1992 година, со поставување привремен полициско-царински пункт на патот на излезот од Куманово, каде што царинските работи ги вршат царинските работници од Царинската испостава Куманово.

# Царинската управа во првата декада по осамостојувањето (1992 – 2001)

По осамостојувањето на Република Македонија, со помалку од 300 вработени, без информатички систем и без соодветна законска регулатива, Царинската управа ги започнува активностите за оформување како самостоен орган. Потоа следуваа години во кои главен фокус се стави на дооформување на законската рамка и организациско и кадровско екипирање на Управата. Деценија полна со предизвици во која се поставија темелите на денешната модерна Царинска управа.

Донесувањето на Законот за царинска управана на 14 април 1992 година е датум од кога Царинската управа на Република Македонија станува самостоен орган со својство на правно лице, овластен да ги спроведува законите и другите прописи на Република Македонија во областа на царините.

Со новиот Закон, таа добива надлежности за спроведување царински надзор, царинење на стоки, контрола на стоки чиј увоз, односно извоз е посебно регулиран, девизно-валутна контрола во меѓународниот патнички и пограничен промет со странство, спречување и откривање на царински прекршоци и кривични дела, водење првостепена и второстепена управна и првостепена прекршочна постапка, обработка и следење на статистичките податоци за увозот и извозот и друго. На чело на Царинската управа се предвидува поставување директор кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија.

Истовремено, за државна сопственост на Република Македонија се прогласуваат недвижностите, опремата, инвентарот, архивата, документацијата и средствата за работа што дотогаш ги користеше Сојузната управа за царини на СФРЈ, а се наоѓале на територијата на Република Македонија и нив ги презема Царинската управа. Царинските службеници од Република Македонија кои беа на служба надвор од нејзината територија, продолжуваат со работа во Царинската управа на Република Македонија.



Со Законот за Царинска управа се утврди и службената облека, службената легитимација и ознаката на Царинската управа. Службената униформа на Сојузната управа за царина на СФРЈ продолжува да се употребува до завршувањето на сите постапки за изработка на новите униформи, со тоа што на нив се поставува новиот беџ со ознаки на Република Македонија.




Царинска легитимација

Во првите пет години од осамостојувањето, царинската служба своите надлежности ги извршува преку царинарници, царински испостави, реферати, одделенија и отсеци (3 царинарници, 17 гранични премини, 17 царински испостави и 6 царински реферати).



ГП Табановце, 1992 година

Ноќта помеѓу 26 и 27 април 1992 година, по брзо завршување на градежните работи за уредување на просторот, е воспоставен граничниот премин Табановце – Автопат на границата помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија (СРЈ), каде во  импровизирани услови, почнува да функционира царинската испостава. Истовремено, се воспоставуваат и граничните премини Блаце, Јажинце, Пелинце, како и железничките станици Табановце и Волково.




Беџ, на бела основа со златни букви, кој го употребуваат царинските службеници веднаш по осамостојувањето во 1992 година

По осамостојувањето на Република Македонија, Царинската служба останува без информатички систем. Оттаму, првите почетоци за спроведување на царинските работи во ново настанатите услови биле со рачна евиденција и рачно упарување со приложените уплатници од банка. Истовремено, базата на податоци за македонските царински документи од дотогашната Сојузна царина се префрла во информатичкиот систем на фабриката „Железара Скопје“ каде се продолжува со внесување и обработка на царинските податоци.

Во овој период продолжува да се применува Законот за царинска тарифана СФРЈ. Покрај царинската стапка за увоз на стока, се плаќа и посебна давачка за порамнување на даночното ослободување во висина од 7,5%, посебна такса на увезени стоки во висина од 7,5% и давачка за царинско евидентирање во висина од 1%.

И во даночниот систем се продолжува со примена на данок на промет на производи и услуги, во вид на основен и посебен данок, врз основа на преземени поранешни сојузни прописи (Законот за привремените мерки за данокот на промет на производи и услуги) и прописите донесени од страна на Република Македонија. Сепак, ова било краткотрајно бидејќи во средината на 1992 година донесен е нов Закон за данок на промет на производи и услуги[3] и низа придружни прописи, како што е Правилникот за примена на данокот на промет на производи и услуги, со што престануваат да важат поранешните сојузни прописи.

Општата стапка на данок на промет на производи во тој период изнесувала 42%. Според неа се плаќал данок на сите производи кои се продаваат на крајните потрошувачи, а кои не се опфатени со некој од другите тарифни броеви (графички производи, хартија за пишување и друг канцелариски материјал, производи што се вклучуваат во инсталациона мрежа, моторни и други возила, цемент, бетонски челик, валана жица, производи од дрво, кибрити и др.). Во системот на оданочување на производите не било издвоено оданочување со акцизи на одделни специфични производи, но за прометот на нафтени деривати, алкохолни пијалаци, тутунски преработки и за некои други производи, постоел посебен даночен третман. Стапките на данок на промет на нафтени деривати се движеле од 3% до 40%, на тутунски преработки од 15% до 65%, на алкохолни и безалкохолни пијалаци - меѓу 10% (за алкохол за конзервирање) и 90% (за некои видови жестоки пијалаци). Со стапка повисока од општата стапка на данок на промет се оданочувал прометот на одредени производи и тоа на автомобили, каде даночната стапка се движела од 30% до 55%, на кафето била 50%, како и на луксузни производи (украсни производи, производи од благородни метали и скапоцени камења,

3 „Сл.весник на РМ“ бр.48/92

производи од кожа и крзно и др.) кои се оданочувале со даночна стапка од 72%.

Даночна стапка пониска од општата стапка на данокот на промет се применувала за детска облека и обувки - 7%, текстил и обувки - 22,5%, апарати за домаќинството, мебел, телевизиски и радио апарати и слични приемници, производи од гума и слично - 28,5%. Со најниска даночна стапка од 3% се оптоварувал прометот на опрема, употребувани патнички автомобили, земјоделска механизација, минерални ѓубрива, основни производи на земјоделството и рибарството, производи за човечка исхрана, дневен печат, учебници и друго.




Пропратни прописи на Царински закон

Во јули истата година кога Царинската управа станува самостоен орган, се прима и прва група од нови 142 цариници кои започнуваат со работа во декември 1992 година, со што, на крајот од 1992 година Царинската управа располагала со 411 вработени. Овие цариници се распоредуваат на новите гранични премини: Табановце, Пелинце, Блаце и Јажинце, дел од вработените се распоредуваат на работни задачи на внатрешно царинење на стока во Скопје и Куманово,а еден мал број во Царинската испостава Штип.




Собранието на Република Македонија за прв директор на Царинската управа го именува Димитар Бузлевски, кој функцијата ја извршува од 14 април 1993 до 20 декември 1994 година

Во почетокот на 1993 година влегува во сила првиот Правилник за организација на работа и првиот Правилник за систематизација на работните места во Царинската управа со што започнува поставувањето нови системи за организација и работа, кадровско екипирање и стручно оспособување, формирање на системи за спроведување на córинински постапки и надзор. Како основни организациски единици се формираат сектори, а внатрешни организациски единици стануваат одделенија, отсеци, отсек – царинска лабораторија, царински испостави (37) и реферати. Со секој сектор раководел помошник директор назначен од страна на директорот на Царинска управа, во согласност со Владата на Република Македонија. Другите работници за позначајни управни и стручни работи, како и инспекциски надзор, ги назначувал директорот.

Согласно овој Правилник за организација на работата, Царинската управа ја добива следната структура:

# Централна управа - Органограм 1993

## Сектор за царинско правни работи

- Одделение за царинско управни и прекршочни работи
- Одделение за царинско правни работи
- Одделение за царинска тарифа, царинска вредност и надворешно трговски систем
- Одделение за контролно аналитички и ревизиони работи и сузбивање на криумчарење
- Отсек Царинска лабораторија

## Сектор за информатика, автоматска обработка на податоци, наплата на приходите и статистичко пратење

- Одделение за информатика и автоматска обработка на податоци
- Служба за наплата на приходи и статистичко пратење

## Сектор за организација, кадрови, општи и финансиски и материјални работи

- Одделение за организационо-кадровски работи, стручно образование и општи работи
- Одделение за финансиско-материјални работи, имотно-правни односи и инвестиции
- Служба за сметководствени работи

## Царинарница Гевгелија

- Отсек за царинско управна постапка
- Отсек за царинско управна и прекршочна постапка
- Отсек за финансиски, материјални и општи работи
- ЦИ Богородица
- ЦИ Гевгелија
- ЦИ Делчево
- ЦИ Стар Дојран
- ЦИ Берово
- ЦИ Кавадарци
- ЦИ Струмица
- ЦИ ЖС Гевгелија

## Царинарница Битола

- Отсек за царинско управна постапка
- Реферат за царинско управна и прекршочна постапка
- Отсек за финансиски, материјални и општи работи
- ЦИ Битола
- ЦИ Охрид
- ЦИ Пошта Охрид
- ЦИ Ресен
- ЦИ Стење
- ЦИ Св. Наум
- ЦИ Блато
- ЦИ Меѓитлија
- ЦИ Ќафасан
- ЦИ Прилеп
- ЦИ Аеродром Охрид

## Царинарница Скопје

| | |
|---|---|
| Отсек за царинско управна постапка | Отсек за царинско прекршочна постапка |
| Отсек за работи на контрола | Отсек за финансиски, материјални и општи работи |
| ЦИ Табановце автопат | ЦИ за консипација и саем |
| ЦИ ЖС Скопје | ЦИ Јажинце |
| ЦИ ЖС Трубарево | ЦИ Титов Велес |
| ЦИ ЖС Волково | ЦИ Тетово |
| ЦИ Блаце | ЦИ Гостивар |
| ЦИ Куманово | ЦИ Деве Баир |
| ЦИ Аеродром Скопје | ЦИ Сопот |
| ЦИ ЖС Табановце | ЦИ Пелинце |
| ЦИ Пошта Скопје | ЦИ Штип |

Како работни тела во Царинската управа и царинарниците функционираат колегиум на директорот и колегиуми на управниците на царинарниците, како советодавни тела за разгледување на одредени стручни прашања. Заради извршување на определени сложени задачи во тој период се формираат и 4 стручни комисии на ниво на Царинска управа: Комисија за царинска тарифа, Комисија за царинска вредност, Комисија за сврстување стока во царинска тарифа и Комисија за меѓународна царинска соработка, како и 2 стручни комисии на ниво на царинарници: Комисија за царинска вредност и Комисија за царинска тарифа.

Со Правилникот за систематизација на работите и задачите на Царинската управа бил утврден вкупниот број извршители – 784, од кои 85 во Царинска управа и 699 во царинарниците.

Со осамостојувањето и воспоставувањето на државните граници, се овозможил не само непречен проток на патници, возила и стока, туку се воспоставил и соодветен систем за контрола, со цел превенирање, откривање и спречување на нелегална трговија на стоки. Оттука, главниот фокус на Царинската управа бил во насока на обезбедување соодветна опрема и стручно усовршување на царинските службеници за непречено спроведување на царинската контрола.



Царинска клешта и штембили

Скромните почетоци на институционалниот развој во врска со контролите и истрагите насочени кон сузбивањето на криумчарењето датираат од 1993 година кога во рамки на Секторот за царинско-правни работи се формира Одделение за контролно-аналитички и ревизиони работи и сузбивање на криумчарење.



Преглед на стока на терминал

Во текот на 1993 година се продолжило со законско и подзаконско уредување на царинските работи. Па така, во април бил донесен првиот Закон за царини на Република Македонија[4], кој бил речиси идентичен со претходниот Закон за царини, донесен година дена порано,освен што е исфрлен делот за меѓународен поморски сообраќај.

Како посебно значајно било донесувањето на Правилникот за исправите во царинската постапка и Правилник за единствениот царински документ во царинската постапка со што се вовел образец за Единствениот царински документ– ЕЦД.




Тргнувајќи од улогата во државата при спроведување на законите и политиките кои се во нејзина надлежност, покрај стручноста од царинските службеници се барало и почитување на високи дисциплинско-етички принципи и стандарди заради потврдување на интегритетот и довербата на службата.

Токму затоа, во мај 1993 година се донесува првиот Правилник за дисциплинска и материјална одговорност на работниците на Царинската управа. Со овој Правилник се уредиле одговорностите на работниците во Царинската управа при извршување на работните обврски, повредите на работните обврски, дисциплинската и материјалната одговорност за направените повреди, како и постапката за утврдување на потребите и изрекување на дисциплинските мерки.

При крајот на истата година, Република Македонија станува и договорна страна на Царинската конвенција за меѓународен транспорт на стоки со ТИР карнети (ТИР конвенција).

Во почетокот на 1994 година државата прави сериозни измени во делот на оданочување на потрошувачката со вове-

4 „Сл.весник на РМ“ бр. 20 од 2 април 1993 година

дување акцизи при оданочување на т.н. специфични производи кои ги издвои од системот на данокот на промет. Истовремено е направено поедноставување на структурата на тарифата на данокот, со што се намалил големиот број диференцирани стапки и тарифни броеви и се преминало на употреба на само две даночни стапки. Со вaквите измени, даночниот систем го сочинувале данокот на промет на производи и услуги, акцизите и царините.

Акцизата е секако најстар облик на данок на потрошувачка и истата се наплаќа на промет на точно определени добра. Во современите системи прометот на специфични производи, како што се нафтените деривати, тутунските преработки, алкохолните пијалаци и други, се оданочуваат со значително повисоки стапки отколку прометот на други категории производи. Во поголем број земји се наплатува и данок на промет и акцизи.

Во Република Македонија Законот за акцизи[5] почнал да се применува од јануари 1994 година и со него се регулирани производите кои подлежат на плаќање акцизи. Контролата на пресметувањето и на плаќањето на акцизата кај обврзниците на акциза, ја врши органот надлежен за работите на јавните приходи.

Со данок на промет на производи, пак, се оданочувал прометот на сите производи, освен на оние за кои било пропишано ослободување од оданочување, додека со данок на промет на услуги се плаќал данок само на експлицитно пропишани услуги. Од оданочување со данок на промет на производи бил ослободен увозот на производи за репродукција или преработка, а од него се ослободуваат и некои производи чија потрошувачка се смета за значајна за животниот стандард на населението или за остварување на некоја посебна цел.

5 „Сл.весник на РМ" бр. 78/1993

Даночните стапки биле определени во процент од даночната основа. Прометот на сите производи што служат за крајна потрошувачка се оданочувал со стапка од 25%. Со пониска стапка од 5% се оданочувал прометот на производи кои поради својот карактер, намена и економско, културно и социјално значење, добиваат поповолен даночен третман.Под ваков повластен третман подлежел прометот на опрема што служи за вршење сопствената дејност, земјоделска механизација, органско и минерално ѓубриво и средства за заштита на растенијата, основни производи на земјоделството и рибарството, производи што служат за исхрана на луѓето и исхрана на животните, компјутери и џебни сметачи, дневен и периодичен печат, електрична енергија, различни видови јаглен, огревно дрво и природен гас, какао, чоколада и производи што содржат какао, сол за исхрана, производи од шеќер, детска облека и обувки, средства за хигиена и др.

Во април 1994 година Владата на Република Македонија донесува одлука 14 април да се востанови за Ден на царинските работници.

Во мај 1994 година Царинската управа донесува Правилник за службени легитимации со кој се пропишува образецот, постапката за издавање, рокот на важност и начинот на водење евиденција на службените легитимации на вработените во Царинската управа. Вкупниот број вработени во Царинската управа во октомври истата година веќе изнесувал 811, од кои во Царинска управа 87 и во царинарниците 724 вработени.




Металната значка во горниот дел ја има ознаката „PM" а во средината се наоѓа симболот на македонската царина. Над симболот стои натпис „Customs", а под него „Царина", како и втиснат број од легитимацијата на царинскиот службеник. Металната значка и службената легитимација се сместени во кожен повез.

За Царинската управа 1994 година е посебно значајна бидејќи на 1 јули истата година Република Македонија стана членка на Светската царинска организација, основана во 1952 година како Совет за царинска соработка, со мисија да даде поддршка за подобрување на ефикасноста и ефективноста на царинските администрации, како глобален центар за царинска експертиза.

Со пристапување кон организацијата се презедоа и обврски од повеќе правни инструменти – конвенции и договори, спонзорирани и администрирани од Советот за царинска соработка, со кои се регулираат разни домени на царинското работење.




| | |
|---|---|
| Macedonia | 01/07/1994 |
| Poland | 17/07/1974 |
| Portugal | 26/01/1953 |
| Romania | 15/01/1969 |
| Russian Federation | 08/07/1991 |
| Serbia | 27/03/2001 |

Извадок од билтен на Светска царинска организација

Од 1994 година почнува и учеството на Царинската управа во Програмата PHARE[6] PCU (Program Coordination Unit), во која учествуваат и земји кандидати за членство во Европската Унија и истото трае до 1998 година. Активностите од програмата со која се даде поддршка за унапредување на капацитетите на царинските служби опфаќаат обуки, автоматска обработка на податоци, усогласување и унапредување на постапките. Програмата PHARE како претпристапен инструмент во тоа време е главен канал за финансиска и техничка соработка на Европската заедница со земјите од Централна и Источна Европа, со активности сконцентрирани на градење капацитети за спроведување на законодавството на Заедницата и достигнување на нејзините стандарди. Поддршка за евроинтегративните процеси се

6 PHARE - Poland and Hungary Assistance for the Restructuring of the Economy (Поддршка за Полска и Унгарија за реструктуирање на економијата – првично основан како меѓународен инструмент за обезбедување економска поддршка на новововоспоставените демократки системи на Полска и Унгарија, подоцна прерасна во главен финансиски инструмент на ЕУ за економско преструктуирање на земјите од Централна и Источна Европа).

обезбедени и преку Eurocustoms (од 1993 до 2000 година), со чија техничка помош започнува усогласувањето на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ.




Во почетокот на 1995 година, со набавка на потребната техничка опрема и екипирање со кадар од областа на информатиката,целокупната евиденција и натамошната обработка на податоците ги презеде Секторот за автоматска обработка на податоци (АОП) во Царинската управа, со употреба  под името „КОНТ“ на „DOS“оперативен систем.

Стручното оспособување на вработените во Царинската управа се врши преку Одделението за организациско кадровски работи, стручно образование и општи работи. Од стекнувањето на независноста на Република Македонија до 1995 година, во Царинската управа, преку практичен и наставно-образовен програм, успешно се оструччени 250 новопримени вработени. Освен основните обуки кои се задолжителни за нововработени царински службеници, Царинската управа се грижи и за надградбата на знаењата на царинските службеници со специјализирани обуки за специфични области. Така, во текот на октомври 1997 година со Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, се  организирала обука за вкупно 270 царински работници под мотото „Да го заштитиме културното наследство“, преку предавања од експерти, презентација на експонати од културното богатство и видео материјали за искуствата во откривањето и спречувањето на недозволената трговија со предмети од културното богатство. За обуката се подготвени и прирачници за царинските службеници, а за патниците на граничните премини биле изложени постери под истото мото со дежурни телефони за евентуални информации за недозволена трговија со предмети од културното наследство.







Летоци за кампањите за заштита на културно наследство и зачувување на загрозените животински и растителни видови

Во март 1995 година Република Македонија пристапува кон Меѓународната конвенција за хармонизиран систем на

имиња и шифрени ознаки со што царинската номенклатура на стоките во меѓународната трговија се усогласува на светско ниво. Ова практично значи дека е воведена единствена меѓународна класификација на стоките во царинските тарифи на земјите кои ја прифатиле таквата номенклатура, создавање на заеднички меѓународно разбирлив царински јазик, односно креирање царинска терминологија разбирлива за сите учесници во меѓународната трговија. Единствената номенклатура овозможува полесно и побрзо водење трговски преговори помеѓу земјите во насока на олеснување на трговијата, создавање меѓународно унифицирана база на податоци за компаративна анализа на статистичките податоци за меѓународната трговија.

Во март следната година направени се промени во облеката на царинските службеници со донесување Правилник за службена облека на работниците на Царинска управа, со кој е пропишан кројот, бојата, ознаките, времето на траење и начинот на користење на службена облека. За основна боја на службената облека е определена темно тиркизна, освен за зимската кошула (машка и женска) која е бела, летната кошула (машка и женска) која е светло тиркизна, а чевлите се црни. Според правилникот, зимската сезона почнува на 15 октомври, а завршува на 31 март наредната година, додека летната сезона започнува на 1 април, а завршува на 14 октомври истата година.

На службената облека предвидени се службени ознаки. Службената ознака што ја означува стручната спрема и работното место на царинскиот службеник се наоѓа на предниот лев дел од сакото, ветровката со влошка, кратката виндјакна, блузата – џемпер и кошулата со кратки ракави.



Службена облека




Службени ознаки и амблем од 1998 година

На 27 април 1996 година е донесен првиот Закон за царинска тарифа на Република Македонија, којшто почнал да се применува од 15 август истата година и се состоел од нормативен дел и царинска тарифа. Нормативниот дел имал 14 членови и со него поблиску се регулирала употребата на царинската тарифа. Со новиот Закон, царинската тарифа на шест цифри е усогласена со хармонизираниот систем на светско ниво. Расчленувањето над шест цифри е извршено според Комбинираната заедничка царинска тарифа на Европска Унија[7] и околу 85% од позициите се идентични со позициите на Царинската тарифа на Европската Унија. Последните две цифри се на национално ниво за да се овозможи заштита на одделни стоки од национален интерес. Царинската тарифа е основа за примена на сите надворешно трговски прописи и со донесувањето на овој закон Република Македонија се обврзува секоја година да објавува Одлука за усогласување на номенклатурата со номенклатурата на Европска Унија.




Прирачник за царинење на стока од 1996 година

Во Законот за царинска тарифа се укинуваат сите тарифни ознаки по кои во периодот од 1994 до 1996 година не е извршен никаков увоз и сите ознаки со кои се врши заштита на стопанството на поранешна Југославија, а кои не се во интерес на заштитата на македонското стопанство. Истовремено, се воведуваат нови ознаки за селективна заштита на некои клучни стопански сектори. Вградена е и препорака на Светската царинска организација – СЦО за воведување стандардни единици мерки за тарифните броеви за статистички цели и нови позиции кои се однесуваат на материи и

7 Combined Nomenclature, Common Customs Tariff of the European Communities,согласно Регулатива на Советот на ЕУ, бр. 2658 од 1987 година

супстанции кои ја оштетуваат озонската обвивка. Вграден е и список на психотропни материи кои служат за производство на синтетички droги. Се воведуваат повеќе тарифни ознаки за резервни делови за цивилни воздухоплови и истите се ослободуваат од плаќање царина согласно Меѓународниот договор за цивилни воздухоплови.

Царинската тарифа има колона за царински стапки кои се применуваат за увоз на стоки со потекло од земјите со кои Република Македонија има склучено договор со клаузула за најповластена нација. За увоз на стоки со потекло од останатите земји се применува царинска стапка зголемена за 70%. Согласно препораките на Светската трговска организација – СТО со новата царинска тарифа престануваат да важат посебната давачка за порамнување на даночното ослободување во висина од 7,5% и посебната такса на увезени стоки во висина од 7,5%. Наместо овие давачки, по единица мерка почнува да се наплатува посебна давачка за увоз на земјоделски и прехранбени производи. Давачката за царинско евидентирање во висина од 1% и понатаму продолжува да се наплатува. Највисока царинска стапка од 60% се предвидува за земјоделските и од 35% за индустриските производи. Стапките за суровини и репроматеријали кои не се произведуваат во Република Македонија се пропишуваат да се движат од 0 до 8%, а за останатите суровини од 8 до 13%. Нормативниот дел од Законот за царинска тарифа ги регулирал постапките за царински контингенти, распоредување на резервни делови за непосредно вградување, издавање уверенија за распоредување, царинење стоки кои се увезуваат сукцесивно, единственацаринска стапка за увоз на стоки од страна на физички лица и др.

Отсекот за царинска лабораторија, иако формално постоел и порано - како интегрален дел на Секторот за царински правни работи, започнува со работа во 1995 година, на почеток со користење услуги од други лаборатории, а од 1997 година, кога царинската служба на САД на царинската лабораторијата ѝ донира опрема и основни инструменти за работа, истата почнува да функционира како базична лабораторија.

Во овој период лабораторијата врши анализи по општи аналитички методи и брзи тестови за идентификација, а за покомплексни анализи ги користи услугите од други владини и приватни лаборатории, при што, врз основа на резултатите, издава и мислења за тарифно распоредување на стоката.




Почетна страна на системот ASYCUDA++

Значаен датум во националната царинска историја е 6 мај 1996 година кога се воведува новиот Македонски царински информатички систем (МАКЦИС). Средствата за овој систем се обезбедени од претпристапната програма „PHARE“ на Европската унија. Со тоа, по повеќегодишна подготовка на оперативно, техничко и кадровско ниво, започнува при-

мената на новиот систем ASYCUDA++ (Automated SYstem for CUstoms DAta)[8] кој значително го менува работењето во царината на почеток во извозните и увозните постапки во стоковите царински испостави, а од 2000 година и на постапките на граничните премини. ASYCUDA е компјутерска програма, развиена од страна на UNCTAD[9], наменета за автоматска обработка на царински декларации и во нејзината имплементација во Царинската управа, покрај информатичкиот кадар од Секторот за АОП, учествуваат и експерти од UNCTAD и Меѓународниот монетарен фонд. Старите „VS“ обрасци се заменуваат со нов Единствен царински документ (ЕЦД).Со воведување на првиот Систем за обработка на царински декларации – АСИКУДА како дел од МАКЦИС системите, започнува електронска пресметка и евиденција на царинските давачки.




Екран од АСИКУДА

8 ASYCUDA++ – Automated SYstem for CUstoms Data (Автоматски систем за царински податоци)

9 UNCTAD – United Nations Conference on Trade and Development (Конференција на Обединетите нации за трговија и развој)

До крајот на 1998 година во МАКЦИС се поврзуваат сите внатрешни испостави на 23 локални сервери со 400 персонални компјутери на царинските службеници и околу 400 шпедиции. Во секторот за АОП во функција е централен сервер на кој на дневна основа се собираат податоците од локалните сервери наменети за натамошна статистичка обработка и анализа. До Народната банка и Државниот завод за статистика на лента, на месечно ниво, се доставуваат податоци од царинските декларации.

Во текот на 1999 година се воспоставуваат компјутерски мрежи и кон МАКЦИС се поврзуваат најфреквентните гранични премини (Табановце, Богородица, Меџитлија, Деве Баир и Блаце). Веќе следната, 2000-та година започнува поврзување на останатите гранични премини и електронско поднесување на транзитни документи (Т1 и ТИР). За таа цел се поврзуваат шпедициите на граничните премини. Бројот на надворешни корисници се зголемува на околу 500 (шпедиции, аеродромски претпријатија, железница, пошта и брзите пошти). На располагање се ставени 30 телефонски линии за директна комуникација на надворешните корисници. Извршена е комплетна автоматизација на царинската постапка од поднесувањето документи до евиденцијата на извршеното плаќање. Овозможена е компјутерска поддршка (комуникација со Заводот за платен промет) за централизирана контрола на наплатата на царинските и другите давачки.

Во периодот по прогласување на независноста на Република Македонија трговската размена со соседните земји продолжува, но во многу отежнати услови. Македонските увозници се соочуваат со огромен проблем бидејќи целокупната размена со северните соседи – земјите на поранешна Југославија, речиси замира. По смирување на економските и политички прилики во соседните земји, со цел продолжување на економската соработка, Република Македонија започнува да склучува Договори за слободна

трговија. Во периодот од 1996 година до 2006 година Република Македонија започнува да применува билатерални договори за слободна трговија со поранешните југословенски републики и тоа: со Словенија (1 септември 1996 година), СР Југославија (16 октомври 1996 година), Хрватска (30 октомври 1997 година) и Босна и Херцеговина (1 јули 2002 година). Од останатите земји вакви договори се склучуваат и применуваат со Бугарија (1 јануари 2000 година), Турција (1 септември 2000 година), Украина (10 септември 2001 година), ЕФТА државите (1 мај 2002 година) и Албанија (15 јули 2002 година).

Во 1998 година со измената на Законот за царинска тарифа е исклучен членот за единствена царинска давачка во висина од 15% која се применува за увоз на стоки од физички лица. Оваа одредба е вметната во одредбите на Царинскиот закон.

Во мај, истата година се донесува и нов Царински закон[10] со што престанува да важи Законот за царините и со овој закон се уредуваат царинската постапка, правата и обврските на учесниците во царинската постапка, како и делокругот, начинот на работа и организацијата на органот на управата надлежен за работите од областа на царините. Со законот се проширува дефиницијата на царинската декларација и за разлика од претходниот период кога под царинска декларација се подразбира само пишан документ, со новиот закон царинската декларација претставува и компјутерска порака, електронски потпис и дознака за поддршка на документи. Исто така, наместо дотогашната „пријава за увоз и превоз на стоки“, се воведува „елементарна декларација“, а евиденцијата на царински декларации се води во електронски контролник.

Покрај вообичаената постапка за пополнување на царинска декларација, со Царинскиот закон за прв пат се дефинира

10 „Сл. весник на РМ“ бр. 21 од 8 мај 1998 година

и поедноставена постапка. Со новиот закон постапките царинско складирање, увоз на стока за производство наменето за извоз, преработка под царински надзор, привремен увоз и извоз на стоки заради облагородување се дефинираат како постапки со економски ефект, за кои одлучува царинскиот орган и може да побара соодветен инструмент за обезбедување доколку стоката подлежи на плаќање царина. Се определуваат и одредбите за царинска зона и се дефинираат постапките за царинење на стока во зоната. Се воведува дефиниција на царински долг, како и постапките околу пресметка и наплата на царинскиот долг.




Царински закон 2000год.

Во 1998 година Царинската управа го менува и правниот статус. Согласно Царинскиот закон, таа веќе не е самостоен орган на државната управа, туку орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице, со кој раководи директор што го именува Владата на Република Македонија. Во пракса тоа значи дека директорот

на Царинската управа веќе нема надлежност да донесува подзаконски акти, туку тоа се пренесува во надлежност на Министерството за финансии.

Во 1999 година настануваат промени во организацијата и систематизацијата на Царинската управа. Со донесувањето нов Правилник за организација и работа на Царинската управа и нов Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа од страна на министерот за финансии, се воведува нов територијален опфат на царинарниците чиишто основни задачи се примена на законите и спроведувањето на царинските постапки, доследно и непристрасно на целата територија на државата. За прв пат на ниво на сектор се поставува функцијата на контрола и истраги со посебни одделенија и служби за разузнавање и мобилни екипи и одделение за комуникација со правосудни органи и органи на прогон кои обезбедуваат насоки за работа на царинарниците при откривање кривични дела и прекршоци и нивно застапување пред правосудните органи.

Се новата систематизација се формира и Секторот за контрола и истраги, надлежен за откривање, превенција и истражување на царински прекршоци и кривични дела и кој согласно препораките на меѓународната заедница, е прва единица за борба против недозволената трговија, шверцот и сузбивањето на организираниот криминал. Паралелно со развојот на секторот се подобрува и зголемува меѓуинституционалната, регионалната и меѓународната соработка. Се воспоставува активна соработка со Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање, како и со други органи и институции.Секторот за контрола и истраги се конципира од Одделение за контрола и ревизија и Одделение за истраги (во чии рамки постојат оперативните служби – Служба за истраги која работи на откривање прекршоци и кривични дела, Служба за разузнавање, чија надлежност е прибирање информации и нивна обработка и Мобилна служба, надлежна за гранична и длабинска контрола).

Според новиот Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа од 1999 година, вкупниот број на извршители треба да е 1043, од кој во управата 211 и во царинарниците 832. На крајот на 1999 година вкупниот број на вработени во Царинската управа изнесува 763.

Во почетокот на 1999 првпат е потпишан Колективен договор помеѓу Синдикатот на царинската служба и директорот на Царинската управа со цел уредување на правата и обврските на вработените. Во негови рамки е потпишан и царински кодекс кој, по принцип на транспарентност, се истакнува во секоја организациска единица во службата, а со чие почитување се очекува во значителна мера подобрување на работната дисциплина и етичноста во службата, како клучни индикатори при градењето на нејзиниот имиџ.

Преку програмата PHARE, Европската комисија преку Eurocustoms во 1999 година одобрува средства за опремување на простории во зградата на Царинската управа и организирање мини центар за обука на царинските работници, кој почнува со работа во 2000 година, со што се надмина дотогашната состојба на организирање обуки од страна на Одделението за кадри и обуки во импровизирани училници, сали за состаноци и други изнајмени простории.




Прирачник за постапки со економски ефект




Збирка на прописи кон Царинскиот закон

Сериозни измени во работењето на Царинската управа се прават со донесување од страна на Собранието на Република Македонија на Законот за данок на додадена вредност (ДДВ) кој успешно се воведува на 1 април 2000 година. Со овој закон Царинската управа станува надлежна за пресметка и наплата на ДДВ при увоз. Пред воведувањето на измената, се спроведува голема кампања за информирање на пошироката јавност за новите даночни правила. Според новиот Закон, ДДВ како општ потрошувачки данок се пресметува при увоз, во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор. Стоки што се увезуваат во царинското подрачје на државата подлежат на плаќање ДДВ. Даночната основица за плаќање ДДВ се состои од царинска вредност на стоката утврдена согласно Царинскиот закон, царината, акцизата и други видови надоместоци. При утврдување на даночната основица се вклучуваат трошоците за провизии, пакување, превоз и осигурување кои настануваат до местото на крајната дестинација на стоката.

Врз целокупниот увоз на стоки и услуги се применува општа даночна стапка од 18%, освен на увоз кој се оданочува со повластена даночна стапка од 5% за одредени видови стоки определени со Одлука за утврдување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на ДДВ.

Начинот на организација на работа и систематизација на Царинската управа претрпуваат повторни измени во 2001 година кога, со цел усогласување со Законот за државни службеници[11], се донесува нов Правилник за организација и работа и Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа. Според нив, работата на Царинската управа, царинарниците и секторите ја координира државен советник, назначен од Владата на Република Македонија, а со секторите раководат раководители на секторите. Со новата систематизација за првпат се дефинираат три групи вработени во Царинската управа и тоа: униформирани царински службеници, царински службе-

11 „Сл.весник на РМ“ бр.59/2000 од 22 јули 2000 година

ници со посебни должности и овластувања, државни службеници, како и работници кои немаат статус на државни службеници.

Во јуни 2001 година на сила стапи Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските заедници, како дел од ССА[12] (целосната либерализација на индустриските стоки настапува во 2011 година). Со неа земјоделските стоки се дефинираат во повеќе листи во кои има укинување и намалување на царинските стапки, а одредени стоки подлежат на квоти. Во почетокот се применува билатерална кумулација, а како докази за потекло се предвидени уверение за движење ЕУР.1 и изјава во фактура. Значаен дел од оваа спогодба е и Протоколот 5 кој се донесува на взаемна помош меѓу административните власти за царински прашања.

Истата година се носи и нов Закон за акцизи[13] усогласен со Директивите на Европската Унија којшто почнува да се применува од 1 јули 2001 година. Во него се пропишува надлежноста на Царинската управа за пресметка и наплата на акцизата при увоз. Со овој закон се пропишуваат и производите кои подлежат на акциза, стапките/износите на акциза, постапките за издавање акцизна дозвола и одобрение за акцизно повластено користење, обврските на нивните иматели, акцизните документи, акцизен надзор, акцизни повластувања и ослободувања, контролните марки за обележување на акцизни добра, како и административни и казнени одредби. Првите акцизни дозволи Управата за јавни приходи (УЈП) почнува да ги издава во 2001 година.

УЈП се вклучува и во системот МАКЦИС, како владин контролен орган. За инспекциските служби од УЈП е овозможен далечински пристап до извештаи и царински декларации. Истовремено, согласно договорот меѓу Република Македонија и силите на НАТО/КФОР е пропишана и постапка за електронска евиденција на НАТО сертификати при транзит, увоз и извоз и истата е обезбедена во МАКЦИС системот.

Во текот на 2001 година се продолжи и со унапредување на комуникациската мрежа со префрлање на постоечката мрежа со граничните премини од тогашната „МАКПАК“ мрежа на комуникациската мрежа на МВР, бидејќи истата не ги задоволува потребите на МАКЦИС. Царинарниците, стоковите испостави и Централната управа во системот стануваат поврзани преку „VPN“ мрежата на Телеком.



Печатени изданија од договорите за слободна трговија

Постојаното зголемување на обемот на промет на стока и патници, потребата од хармонизирање на царинските контроли со стандардите на Светската царинска организација – СЦО и на Европската Унија, како и ограничените ресурси

12 Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки (Stabilisation and Association Agreement)

13 „Сл.весник на РМ“ бр. 32/2001

со кои располага Царинската управа, неминовно ја наметнаа потребата од користење соодветни системи и методи на работа кои ќе обезбедат целосна заштита на приходите и целосно спроведување на законските забрани, одредби кои се однесуваат на количинско ограничување или забрана за увоз на одредени видови стоки, со истовремено поедноставување и забрзување на легитимната трговија. Согласно со препораките на Светската банка за обнова и развоји согласно светските искуства и најдобрите практики, во 2001 година се прават соодветни подготовки и тестирања во врска со имплементирањето на селективноста во Македонскиот царински информационен систем (МАКЦИС). Па така, согласно постоечката царинска регулатива, се воведува систем на селективност во царинското работење, во кој се дефинираат и имплементираат локални, регионални и државни критериуми за селективност. Се оформуваат листи на селективност по тарифен став, земја на потекло, увозник, како и други показатели кои можат да го претставаат ризикот при царинската постапка. Се воспоставува систем на вредносна контрола на стоките како параметар за селективност. Се дефинира одговорноста на секој од учесниците во процесот на селективност. Се утврдува процентот на случајна и однапред дефинирана селективност. Селекцијата се врши преку воспоставување систем на канали (линии): „црвен канал“ - со задолжителен физички преглед на стоките и документарен преглед на декларацијата, „жолт канал“ - со задолжителен документарен преглед на декларацијата, „син канал“ - за дополнителна контрола на стоките (стоки со помал ризик или лесно расипливи стоки) и „зелен канал“ - без документарен и без физички преглед на стоките со низок ризик.

Во декември 2001 година се прави пилот портал (во „Microsoft Front Page“) и првата интернет страница на Царинската управа[14] на која се поставени 40-тина документи од интерес за јавноста и деловната заедница.

Борбата против криминалот е еден од главните императиви на Царинската управа за овозможување сигурно и безбедно општество. Оттаму, во овој период царинската контрола е насочена кон превентивна контрола на документи и стока, откривање на криумчарена стока, царински и девизни прекршоци, како и откривање дрога и прекурзори со помош на специјално обучени кучиња.

Преку проектот на Светската банка – TTFSE[15] се обезбедуваат средства за опремување согласно светските стандарди за превенција и детекција, како и стручна едукација и соодветна обука на вработените во секторот, со цел ефикасно справување со најсовремените форми на криминалитет.

Царинската управа зема учество и во преговорите за членство во Светската трговска организација која преку своите тела остварува двојна улога во воспоставување и засилување на правилата за меѓународна трговија на производи и услуги и либерализација на трговијата. Притоа, Царинската управа дава придонес во работата на поткомитетите за трговија кои работеа на измени на договори за слободна трговија.

Во соработка со Европската комисија се утврдуваат и приоритетите на програмата CARDS[16] 2002-2004 која има за цел

14 www.customs.gov.mk

15 TTFSE – Trade & Transport Facilitation In Southeast Europe (Олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа)

16 CARDS – EU Assistance Programme for Reconstruction, Development and Stabilisation in the Western Balkans (Програма за

да им овозможи на земјите од Југоисточна Европа да учествуваат во процесот на стабилизација и асоцијација. За Царинската управа во овој период се важни Проектот за интегрирано гранично управување и Проектот за подобрување на капацитетите на Царинската управа.

Во периодот 1999-2001 година Царинската управа е вклучена во Проектот на UNDCP[17]/PHARE за засилување на капацитетите за борба против дрога во Југоисточна Европа, во кој учествуваат и надлежните служби на Бугарија и Романија. Се стекнуваат вештини за техники на откривање и заплена на дрога и е добиена техничка помош во техничка опрема, возила и царински кучиња за поуспешно работење на мобилната царинска екипа.

Се поддржуваат проектите на Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа (SECI) за подобрено оперирање на Центарот за борба против прекуграничниот криминал.

помош на ЕУ за развој, стабилизација и реконструкцијата во Западен Балкан)

17 UNDCP – United Nations International Drug Control Program (Меѓународна програма за контрола на дрога на Обединетите нации)

# Царинската управа во втората декада од осамостојувањето (2002 – 2011)

Стапувањето во сила на Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница, како дел од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу нашата држава и земјите членки на ЕУ на Царинската управа ѝ донесе многу обврски за нејзино прилагодување кон законодавството и стандардите на ЕУ. Се донесуваат закони и подзаконски акти, се прават промени во организациската структура, се формираат нови одделенија и сектори, се модернизира опремата, продолжува да се гради Царинскиот информационен систем – МАКЦИС, се пушта во функција едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – ЕКСИМ, а сè со цел приближување на Република Македонија кон стандардите на ЕУ, што истовремено донесе бенефит и за граѓаните и за стопанските единки кои ги користат услугите на Царинската управа.

На почетокот на втората декада по осамостојувањето, се носат измени на Царинскиот закон со што нашето законодавство во голем дел се усогласува со царинското законодавство на ЕУ. Со измените од 2002 година се воведува можност за размена на податоци во електронска форма[18]. Се вршат измени со кои посебните давачки кои се плаќаат при увоз на земјоделски и прехранбени производи се заменуваат со увозни оптоварувања кои произлегуваат од земјоделската политика или оптоварувања кои произлегуваат од специфични договори коишто се однесуваат на одредени стоки кои се резултат на преработка на земјоделски производи. Истовремено, Уверението за распоредување на стока се заменува со Задолжителна тарифна информација и прв пат се воведува Задолжителна информација за потекло, која ја издава Царинската управа по претходно барање на подносителот. Се врши измена и на дефинициите за царина и се укинува поимот царински контингент, а се воведува повластен тарифен третман, којшто започнува да се применува со пристапувањетона земјата во Светската трговска организација (СТО). Се менуваат методите за утврдување на вредноста на стоката за царински потреби и се прават измени и во делот за непреференцијално и преференцијално потекло[19].



Дел од колективот на Царинска управа

18 „Сл.весник на РМ“ бр. 4/2002

19 „Сл.весник на РМ“ бр. 55/2002

Истата година Одделението за обуки се одделува од Одделението за кадри и обуки како самостојно одделение. Како новина, ова одделение воспостави воведен курс за запознавање на нововработените со целите и структурата на Царинската управа, како и за нивните права и обврски. За да има Царинската управа квалитетни обучувачи кои ќе задоволуваат повисоки стандарди и кои, покрај знаењата, ќе поседуваат и вештини и способности за нивно пренесување, Одделението за обуки им овозможи на 29 царински службеници да посетуваат Обука на обучувачи.

Преку CARDS[20] програмата се реализира и Проектот за интегрирано гранично управување со чија поддршка се развива и усвојува Националната стратегија за интегрирано гранично управување, со акционен план за нејзина имплементација (2002-2004). Како резултат на проектот, се воведува нов пристап во заштитата на државната граница и координирана стратегија за раководење и контрола на лица и стоки кои влегуваат, излегуваат или транзитираат низ царинското подрачје преку граничните премини, како и спречување на недозволената трговија. Главна цел на Програмата CARDS беше да се решат регионалните проблеми и да се промовира регионална соработка помеѓу земјите од Западен Балкан. Активностите на делување вклучуваа и заедничко управување со границите, подобрување на административниот капацитет, поддршка на демократската стабилност, развој и интегрирање на инфраструктурата за транспорт, енергија и животна средина со европските мрежи.

Во 2002 година се реализира Проектот за интегрирано гранично управување PHARE 2000, при што се инсталирани статички детектори за радијација на осум најфреквентни гранични премини и се набавија возила за потребите на Секторот за контрола и истраги.

20 CARDS – Community Assistance for Reconstruction, Development and Stabilisation (Помош на Заедницата за обнова, развој и стабилизација)

Македонија во септември 2002 година стана домаќин на 7та конференција на RILO (Regional Intelligence Liaison Office)[21] којашто под покровителство на Светската царинска организација и регионалната канцеларија на RILO се одржа во Охрид. Првата Регионална разузнавачка служба за врски инаку е формирана уште во 1987 година, со цел оформување глобална разузнавачка мрежа. Размена на информации на национално, регионално и меѓународно ниво отсекогаш е важна за царинските органи за да може да се постигне поуспешно спроведување на законите и поефикасни контроли.



Во периодот од 2002 до 2011 година Македонскиот царински информатички систем (МАКЦИС) се темели главно на системот ASYCUDA, кој се надградува со воведување нови модули од овој софтверски пакет, негово одржување и подобрување на комуникациските врски. Софтверскиот пакет ASYCUDA лесно се прилагодувал, дополнувал и надградувал, а со него царинските постапки биле целосно ав-

21 RILO – Regional Intelligence Liaison Office (Регионална разузнавачка канцеларија за врски)

томатизирани. Податоците од царинските декларации во електронска форма навремено и квалитетно се доставуваат до Народната банка и Државниот завод за статистика. Корисници на податоци од царинските декларации се министерствата за економија, финансии, земјоделство и екологија, Управата за јавни приходи, Стопанската комора и други институции.

Кон крајот на 2002 година царинскиот информатички систем го користеле околу 400 царински службеници во 31 царинска испостава. Директни учесници во системот се шпедитерските претпријатија, Јавното претпријатие за аеродромски услуги, Македонски железници, Македонија сообраќај, Македонска пошта и брзите пошти (DHL, UPS и др.). Сите учесници и корисници на системот имале на располагање голем обем на релевантни податоци за царинење стоки поврзани со царинската тарифа, царинската регулатива, како и според договорите за слободна трговија.

Во текот на 2003 и 2004 година, царинското работење се унапредува со воведување на модулот за анализа на ризик, на почетокот во шест царински испостави, а до крајот на 2004 година во сите внатрешни испостави.

Со Проектот TTFSE(2002-2006), финансиран од Светска банка, кој е дел од регионалната програма за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа, се спроведуваат реформска компонента – институционална реформа на Царинската управа преку која е изградена новата управна зграда и современиот податочен цента, набавена е компјутерска опрема, извршени се обуки и реконструирани се објекти на граничните премини Табановце и Деве Баир.



Нова управна зграда на Царинска управа 2006 година



Модернизиран ГП Табановце 2006



ГП Табановце

Со спроведувањето на TTFSE проектот продолжува и модернизацијата на информатичката технологија со доизградба на компјутерската мрежа, набавка на нови сервери, персонални компјутери и комуникациска опрема, спроведување обуки за одржување на комуникациската опрема и базите на податоци.

Во тој период се спроведува уште еден значаен проект - Проектот за техничка поддршка за осовременување и развој на Царинската служба според стандардите на Европската Унија, кој со поддршка на програмата CAFAO[22] - МАК е финансиран од Европската комисија. Со проектот се посветува внимание на организациската структура, стратешкиот деловен план, подготовката на царинското законодавство, ефикасното откривање и спречување на незаконски дејствија, професионалната кадровска служба и развојот на центарот за обука. Од заедничката работа со CAFAO-MAK посебно се истакнуваат резултатите од доменот на борба против корупција и борба против недозволената трговија. Имено, во периодот 2003-2006 година се спроведува компјутеризацијата на Секторот за контрола и истраги кој доби цел опсег опрема од информатичката технологија, вклучувајќи десктоп и лаптоп компјутери, печатачи и скенери, имплементирани се неколку бази со податоци: разузнавачка база на податоци („Intell database"), база за менаџирање на случаи во Одделението за истраги („Case database"), систем за управувачко, разузнавачко, статистичко и електронско информирање („MISER"), систем за размена на пораки по електронски пат („SEMS"), база за управување со повиците од отворената линија („OPEN 197") и база за анализа на протокот на празни камиони. Активностите на CAFAO-MAK се финансираат и со средства од CARDS програмата[23].

Царинското разузнавање во периодот 2003-2005 година продолжува да се надградува и усовршува со помош на експерти од ЕУ и под покровителство на CAFAO мисијата, согласно постојните светски стандарди. Се спроведуваат интензивни обуки за разузнавање при што царинските инспектори се запознаваат со основните цели на разузнавањето: функционирање на разузнавачкиот циклус, работа со информатори, работа со информации, оценка на информации, учество во истражни дејства и слично. Во овој период е воспоставена и разузнавачка база на податоци, во која, како првични записи, се змени сите записници за царинските прекршоци и кривични дела откриени од Царин-

22 CAFAO – Customs and Fiscal Assistance Office (Канцеларија за поддршка н аЦарината и фискална поддршка)

23 Соработка во домен на царина и оданочување, Европска Унија и Западен Балкан, стр. 4 и 7 (Cooperation in the field of Customs and Taxation, the European Union and the Western Balkans)

ската управа во периодот од 2001 до 2003 година. Главната цел на оваа база е обезбедување на сите релевантни оперативни податоци кои ќе се чуваат на сигурен и безбеден начин. Нова верзија на разузнавачката база на податоци се креира во текот на 2004 година, што овозможи различни нивоа на пристап со што е подобрена сигурноста на системот.

Во 2003 година на Царинската управа ѝ се овозможува пристап и до CEN[24] базата на информации на СЦО која се користи за царински разузнавачки цели.Во оваа база има информации за сите заплени на наркотични средства, цигари и оружје кои земјите членки на СЦО ги имаат доставено. Истата година се воспоставуваат врски со RILO и се назначуваат лица за контакт, со што се овозможува побрза размена на информации за потребите на царинската служба.

Царинските службеници се вклучени и во активностите на регионалниот Проект за техничка соработка „Изградба на капацитети за откривање и одговорна недозволена трговија со радиоактивни материјали", како и во активности на IAEA[25].



24 Customs Enforcement Network

25 IAEA – International Atomic Energy Agency (Меѓународна агенција за атомска енергија)

Со пристапување на Македонија во Светската трговска организација, во април 2003 година се носи нов Закон за царинска тарифа[26] со кој значително се намалува висината на царинските стапки, се укинува поедноставеното распоредување на резервните делови во тарифниот број на готов производ, се воведува обврска за усогласување на царинската тарифа со обврските од Протоколот за пристапување кон СТО и обврска за усогласување на царинската тарифа согласно Законот за ратификација на Конвенцијата за хармонизиран систем на имиња, шифри и ознаки на стоките. Согласно обврските од пристапувањето кон СТО, на истекот на секоја година се објавува Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за секоја следна година, со што континуирано се усогласува и менува номенклатурата на Царинската тарифа согласно измените на Хармонизираниот систем (ХС) и на Комбинираната номенклатура (КН) на ЕУ, кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави.

Во 2003 година со донесување нов Правилник за организација и работа се менува и организациската структура на Царинската управа. Според новиот Правилник, се воспоставува следната организациската поставеност:

26 „Сл.весник на РМ" бр. 23/2003

# Органограм 2003

**Кабинет на директорот**

**Дежурен оперативен центар**

**Сектор за царинско правни работи**
- Одделение за царински и даночни постапки
- Одделение за анализа на ризик
- Одделение за прекршочни, кривични и управни работи и застапување пред правосудни и други органи
- Одделение за тарифа, вредност, потекло и царинска лабараторија
- Служба за аналитика и статистика

**Сектор за меѓународни, организациони,кадровски, финансиско материјални и имотно правни работи**
- Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција
- Одделение за инвестиции, одржување и обезбедување на објекти, опрема, возен парк и општо технички работи
- Одделение за финансиско материјално работење
- Одделение за организациони, кадровски и општи работи
- Одделение за стручно оспособување и информативна дејност
- Одделение за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи

**Сектор за контрола и истраги**
- Одделение за истраги
- Одделение за мобилни тимови
- Одделение за контрола и ревизија
- Дежурна служба
- Служба за аналитика и статистика

**Сектор за професионална одговорност**
- Одделение за внатрешни истраги
- Одделение за внатрешни инспекции

**Сектор за информатика**
- Одделение за продукција и статистика
- Одделение за организација, развој и методи

**Царинарница Гевгелија**
- ЦИ ЖС Гевгелија
- ЦИ Богородица
- ЦИ Дојран
- ЦИ Струмица
- ЦИ Ново Село
- ЦИ Кавадарци
- ЦИ Слободна зона Фени

**Царинарница Куманово**
- ЦИ Куманово
- ЦИ Табановце автопат
- ЦИ ЖС Куманово
- ЦИ Пелинце
- ЦИ Деве Баир

**Царинарница Штип**
- ЦИ Штип
- ЦИ Делчево
- ЦИ Велес

**Царинарница Битола**
- ЦИ Меѓитлија
- ЦИ Аеродром Охрид
- ЦИ Пошта Битола
- ЦИ Стење
- ЦИ Блато
- ЦИ Свети Наум
- ЦИ Струга
- ЦИ Прилеп
- ЦИ Охрид
- ЦИ Ќафасан

**Царинарница Скопје**
- ЦИ Скопје
- ЦИ Терминал увоз Скопје
- ЦИ Терминал извоз Скопје
- ЦИ Концигнација и саем
- ЦИ Аеродром Скопје
- ЦИ Пошта Скопје
- ЦИ ЖС Трубарево
- ЦИ ЖС Волково
- ЦИ Блаце
- ЦИ Јажинце
- ЦИ Стенковец
- ЦИ Тетово
- ЦИ Миладиновци

Со цел подигање на нивото на одговорност и поголема контрола на вработените, во овој период се воспоставува Сектор за професионална одговорност, во чиј состав функционираат Одделение за внатрешни истраги и Одделение за внатрешна инспекција.

Во 2003 година е донесен и нов Правилник за службената облека, формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници.



Службени ознаки за советник и помошник директор, заменик на директор и директор, согласно Правилникот од 2003 година

На крајот на 2003 година вкупниот број вработени во Царинската управа изнесува 876, а на крајот на оваа декада во 2012 година, бројот на вработени е 1167.

Во втората деценија од работата на Царинската управа продолжува склучувањето или стапувањето во сила на договори за слободна трговија. Од јануари 2004 година започнува да се применува Договорот за слободна трговија со Романија. Целосна либерализација на сите индустриски стоки започна да се применува од 2008 година, а одредени земјоделски стоки се со делумно намалени стапки и одредени производи подлежат на квоти.

Со Законот за Царинска управа[27] се опишува симболот на Царинска управа кој е составен од средишна црвена лента со златно-жолта рамка, која ги симболизира граничните премини, а над неа и под неа има по три златно-жолти ленти, кои го симболизираат протокот на луѓе и стоки преку царинска линија. Во кружен облик стојат два натписа, во горниот дел стои „Република Македонија Царинска управа“, а во долниот дел „Царина • Customs“. Авторот на симболот на Царинска управа е професор Костадин Танчев Динка, академски сликар и графичар.

На 1 април 2004 година престана примената на Времената спогодба со ЕУ и започна да се применува Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европските Заедници (ССА). Со ССА правилото за потеклото на стоките почна да се применува и за увоз на стоки со потекло од ЕУ. Во оваа спогодба е земено предвид зголемувањето на бројот на земји членки на Европска Унија од 15 на 25. И понатаму во оваа спогодба се применува билатерална кумулација. Во јануари 2005 година започна да се применува Договор за слободна трговија со Молдавија, а целосната либерализација на сите индустриски стоки започна да се применува од 2010 година, додека за земјоделските стоки се предвидени тарифни квоти. Привремениот договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и УНМИК[28] (Косово) се

27 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 46 од 12 јули 2004 година

28 UNMIK – United Nations Interim Administration Mission on Kosovo (Привремена административна мисија на Обединетите нации на Косово)

применува од февруари 2006 година од кога е воведена целосна либерализација за увозот на сите стоки со потекло.

По поднесување на барањето за членство во Европската Унија (во 2004 година), царинските службеници работат на обезбедување одговори на Прашалникот на Европската Унија. Во Поглавјето за Царинска унија се одговара на прашања поврзани со царинското законодавство, компјутеризацијата, царинската вредност на стока и потекло на стоката.

Царинската управа дава придонес и активно учествува и во меѓународната Програма за борба против распространување на оружјето поддржана од Владата на САД.

Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS)[29], финансирана и поддржана од Министерството за надворешни работи и Министерството за безбедност на САД, се активира во 2004 година и обезбедува континуирана поддршка за Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, преку обезбедување обуки и опрема за разоткривање и спречување на нелегално пренесување оружје и оружје за масовно уништување. Преку програмата се донира опрема којашто се користи во секојдневната работа на Царинската управа (рачен рендген скенер, фиберскопи, бустери, детектори за радијација, видеоскопи, алат, компјутери, патролни и теренски возила).

Царинската управа во 2004 година добива нови надлежности и одговорности кои произлегоа од новиот Закон за царинска управа[30], донесен во јули истата година, а како природен след по формирањето нови организациони единици во Царинската управа.



Прирачници за царинење

Во 2004 година со нов Правилник за организација и работа на Царинската управа и Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа се формираат Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција, Одделение за прекршочни, кривични и управни работи и застапување пред правосудни и други органи, Сектор за управување со човечки ресурси и Сектор за наплата на приходи, финансиско материјални и имотно правни односи. Се формира и нова организациска единица – Одделение за внатрешна ревизија, а се укинува Дежурниот оперативен центар со тоа што неговите надлежности ги презема Одделението за координација и комуникација при Секторот за контрола и истраги. Одделението за прекршочни, кривични и управни работи и застапување пред правосудни и други органи се преименува во Одделение за царинско-управна и прекршочна постапка и застапување пред судовите. Секторот за царинско правни работи се преименува во Сектор за царински систем. Службата за аналитика и статистика се укинува, а се формира ново Одделение за нетарифни мерки (покрај другото и за администрирање на Законот за царински мерки за заштита на права од ин-

29 EXBS – The Export Control and Related Border Security Assistance

30 „Сл. весник на РМ“ бр. 46/2004 од 12 јули 2004 година

телектуална сопственост). Се реорганизира и Секторот за контрола и истраги, Секторот за информатика се преименува во Сектор за информатички и комуникациски технологии, а во рамките на царинарниците се формираат посебни Служби за надзор на иматели на одобренија – СНИО за администрирање на царинските постапки со економски ефект. Со измените на Правилникот за организација и работа на Царинската управа во царинарниците се укинуваат службите за општи и материјално-финансиски работи. Формирано е и Одделение за прекршочна постапка и Сектор за административни и технички работи. Одделението за сметководство и финансии се преименува во Одделение за финансиски прашања, а во Секторот за контрола и истраги се формираат Одделение за оперативни работи, Служба за мобилни тимови и Служба за мобилни скенери.




Мобилен скенер

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето. Одделението за внатрешна ревизија е независно одделение во Царинската управа и е одговорно непосредно на директорот на Царинската управа. Работењето на внатрешната ревизија се реализира со спроведување на поединечни ревизии во текот на календарската година, врз основа на Стратешки план на одделението којшто се носи за период од 3 години и истиот се ажурира секоја година и Годишен план на одделението којшто се носи врз основа на стратешкиот план. Врз основа на секоја извршена поединечна ревизија произлегуваат препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли во работните процеси.

Во јуни 2004 година првата интернет страница на Царинската управа се заменува со посовремена верзија на динамички интернет портал на македонски и англиски јазик, која во април 2007 година се дополнува со дел на албански јазик, а во 2010 година комплетно се редизајнира и дополнува со нови функционалности како што е интерактивната мапа на Царинската управа.



Веб портал на Царинска управа 2006 година




Интерактивна мапа на Царинската управа

Со новиот Закон за Царинската управа првпат се класифицираат работните места во зависност од службените задачи кои се извршуваат и тоа во три групи и звања: раководни царински службеници, стручни царински службеници и административни царински службеници. Новина во него е и дефинирање на условите за вработување на царинските службеници, постапката за вработување, начинот на спроведување на пробната работа, како и текстот на заклетвата којшто го даваат и потпишуваат новите царински службеници. Новиот закон ги пропиша и обврските и должностите на царинските службеници, обезбедувањето на потребните услови за безбедност на работа и здрава работна околина, соодветните здравствени стандарди за вршење на работите, судирот на интереси, обврската за чување на службена, деловна и друга тајна, загарантираните основни права на царинските службеници, прераспределувањето, унапредувањето, работното време, одморот и отсуството, оценувањето на царинските службеници во текот на работењето, месечната плата, надоместоците, наградите и бонусите, бенефициите, следењето на напредувањето во кариерата, кодексот на однесување, дисциплинската и материјалната одговорност, престанокот на работниот однос, како и привременото отстранување од работа – суспендирање.

Во првиот квартал од 2005 година се извршува преселба на опремата и вработените од Секторот за информатички и комуникациски технологии од старата локација во Царинарница Скопје во новата управна зграда на Царинската управа.



Нова сервер сала, април 2005

Истата година се воведува нов Систем за наплата, со што се обезбедува централна евиденција и контрола на наплатените давачки, како и следење на банкарските гаранции на царинските обврзници. Апликацијата ги содржи потребните контроли за поврзување на трансакциите од трезорскиот систем со царинскиот систем за процесирање на декларации, кои не можеа да се следат со постоечкиот софтвер.

Во делот на меѓународната соработка, во април 2005 година во Охрид се одржува меѓународен форум „Размена на искуства помеѓу царинските служби во процесот на евроинтеграциите". Царинските служби од регионот усвоија Охридска декларација со изразена волја и подготвеност за подобра соработка и размена на искуства за усогласување на царинските постапки, олеснување на трговијата и транспортот според европските стандарди, размена на податоци и борба против криминалот.

Истата година во Холандија е потпишан Меморандум за Twinning партнерство помеѓу нашата Царинска служба и Царината на Холандија, реализиран во периодот 2005-2008 година. Соработката резултира со подобрени царински постапки, особено кај увозот за облагородување и воспоставување структура за заштита на интелектуална сопственост. По заеднички спроведените активности, се забележуваат подобри резултати во реализирани заплени и успешни акции во спречување на криумчарење и друг вид организиран криминал, како и намалени појави на корутивно однесување. Двете администрации ја продолжиуваат соработката со потпишување на втор договор во 2010 година, со кој се договорени области на заедничко делување и помош во период до 2014 година и тоа во делот на надзор над трговски друштва, царински постапки со економски ефект, вештини на раководење, борба против фалсификувани производи, унапредување на работењето на Царинската лабораторија, воведување современ систем за управување со човечки ресурси, како и воведување компетенции.



Соработка со Царината на САД , 2003

Ново усогласување на царинското законодавство со законодавството на Европската Унија е направено во 2005

година со донесување на нов Царински закон кој претставува прв чекор кон создавање предуслови за воведување на стандардите и принципите по кои работат царинските служби во ЕУ. Со овој закон се развива селективноста и поедноставените постапки согласно Ревидираната Кјото конвенција[31]. Се дефинира улогата на застапниците во царинската постапка и се воведува условот за полагање испит за стекнување лиценца на застапникот. Се либерализира постапката на увоз за облагородување согласно Истанбулската конвенција[32]. Се воведува концептот на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки. Овие новини се со цел македонските компании да ги уживаат истите погодности кои ги имаат компаниите од земјите на ЕУ. Со овој царински закон дел од царинските прописи се усогласува со царинските прописи на ЕУ.

Донесена е и Уредба за употреба на средства за присила, како и носењето и употребата на огнено оружје од страна на царинските службеници, како и Правилник за видот на документите и податоците кои се означени како службена, деловна и друга тајна, начинот на нивно чување и заштита.

Од јануари 2006 година започна да се применува Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат[33] со што престанува да се применува Правилникот за формата и содржината и начинот на пополнување на царинската декларација и другите исправи во царинската постапка. Со новиот правилник во Кодексот на шифри се вградуваат повеќе меѓународни стандарди и препораки, како што се шифри за означување на земјите, видот на транспортот, видот на пакување и други.

Во исто време изготвена е првата Стратегија за развој на информатичкиот систем на Царинската управа, во која се дефинирани приоритетите во развојот на царинскиот информатички систем, а во насока на подготовка на царинската служба за поврзување со системите на Европската Унија.




Прва електронска архива

Согласно донесената Стратегија, покрај информатичката поддршка на процесите поврзани со царинските постапки, контролите и истрагите, се воведува развој и поддршка на административните процеси. Царинската управа е меѓу првите државни институции кои воведоа електронска архива и интранет портал.

МАКЦИС е збогатен со апликација за управување со „Help Desk", а воведен е и Систем за контрола на кориснички пристап („Active Directory") кој обезбедува централизиран, контролиран и безбеден пристап до корисниците во информатичкиот систем. Изработен е пребарувач на вести од медиумите кој овозможува добивање релевантни информации од домашни, регионални и светски медиуми во реално време. Воспоставена е електронска база на податоци за

31 The International Convention on the Simplification and Harmonization of Customs procedures (Revised Kyoto Convention), донесена од СЦО во 1999 година, стапи на сила во 2006 година

32 Convention relating to temporary admission (Istanbul Convention), донесена од СЦО во 1990 година, стапи на сила во 1993 година

33 „Сл. весник на РМ" бр. 97/2005

евиденција на дисциплински постапки, кривични пријави и евиденција на запленета стока и софтверска апликација за магацинско работење.



Колегиум на Царинска управа 2006 година

Во делот на организациската структура, на почетокот на 2006 година е направена поделба на Одделението за ревизија и контрола, на две организациски единици – Одделение за контрола на трговски друштва и Одделение за внатрешна инспекција. Контролата на сметководствената и финансиска документација на трговските друштва зазема сè поголемо учество во вкупните контролни функции на Царинската управа, при што се откриваат голем број неправилности од царински аспект, се контролираат иматели на одобренија за увоз за облагородување и царинско складирање. Врз основа на контролите и утврдените неправилности се донесуваат решенија за дополнителна наплата на име царински и акцизен долг. Се вршат надворешни контроли на иматели на акцизни дозволи и барања за поврат на акцизи, при што, доколку е потребно, се врши дополнителна наплата на даночниот долг или се одземаат акцизните дозволи. Се работи на зголемување на капацитетот во областа на контролата на трговските друштва од аспект на редовното царинско работење, издадените одобренија за царински постапки со економски ефект, акцизни одобренија и одобренија и лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки.

Со цел обезбедување организирана и систематизирана поддршка на царинските истражни активности, во февруари 2006 година Царинската управа во состав на Одделението за истраги формира Служба за борба против организиран криминал и Служба за борба против криумчарење.

Од јули 2006 година започнува примената на првиот мултилатерален Договор за пристапување кон Централно европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) каде членуваат Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдавија, Србија, Хрватска и Црна Гора и се проширува примената, од дотогаш билатерална, на сега дијагонална кумулација со сите ЦЕФТА членки.




Флаер за промовирање на царинска линија 197

Од крајот на 2006 и почетокот на 2007 година, отворената царинска линија 197 за пријавување криминал и корупција целосно се автоматизира со воведување систем за снимање на телефонските пријави.

Во мај 2008 година Царинската управа го утврдува начинот на работа на Одделението за координација и комуникација (ОКК). ОКК работи 24 часа секој ден (24/7) со основна задача прием на информации, првична анализа, проценка и нивно процесирање, давање логистичка поддршка на царинските работници на терен и во царинските испостави, управување со CCTV[34], ANPR[35], системот за следење на службените возила на Царинската управа (GPS), администрирање на отворената телефонска линија 197, како и координирање на системите за анализа на ризик и царински надзор вон редовното работно време. Во февруари 2011 година се воведува Електронски дневник за дневните активностина ОКК – ЕДДА. Се имплементираат повеќе бази на податоци кои овозможуваат брза проверка и логистичка поддршка на царинските службеници на терен. Се публикува промотивен материјал на повеќе јазици (македонски, албански, англиски, турски и француски) во форма на постери, флаери и огласни табли, а преку Македонската телевизија се емитуваат промотивни спотови.

34 Closed Circuit Television (телевизија од затворен тип)

35 Automated Number Plates Recognition




Флаер за заштита на правата од интелектуална сопственост

Во овој период се носи и Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со кој се создава правна рамка за дејствувањето на Царинската управа при увоз и транзит на фалсификувана стока. Според законот, имателите на трговски марки или нивни застапници регистрираат кај Царинската управа барања за

царинска заштита на нивните производи и соработуваат со Царинската управа на подготовка на системот за откривање и спречување увоз и транзит на фалсификувана стока, како и на зголемување на јавната свест за штетните последици од употребата на фалсификувани стоки. Во периодот по 2006 година, заштитата на права од интелектуална сопственост станува редовна активност на Царинската управа, самостојно, но и во соработка со другите служби во државата и во странство кои имаат надлежности во оваа област. Се работи на унапредување на капацитетот на Царинската управа во спречување на производство и трговија со фалсификувана стока. Во овој период, Царинската управа ги реализира првите акции на заплена на фалсификувана стока. Во продолжение на системските решенија за заштита на правата од интелектуална сопственост донесени во 2006 година, Царинската управа во 2007 година воведе нов критериум за ризик за внатрешни царински испостави – INTEL, кој се однесува на стока која го повредува правото од интелектуална сопственост. Лоцирани се фирмите увознички кај кои била откриена стока која повредува право од интелектуална сопственост, како и видот на стоката која е одземена и уништена.

Во насока на откривање фалсификувана стока во текот на 2007 година, Царинската управа реализираше 325 акции во кои беа запленети околу 1,7 милиони парчиња фалсификувана стока. Ова темпо со стотици акции продолжи и во следните две години кога беа запленети по околу еден милион парчиња фалсификувана стока годишно. Интензивноста на акциите и заплените во овие 3 години придонесе за значително намалување на обидите за увоз и транзит на фалсификувана стока, а со тоа и на присуството на фалсификувана стока во Република Македонија.

Како резултат на зајакнување на системот и интензивирање на активностите кои резултираа со значителни заплени на фалсификувана стока, во годишниот извештај на СЦО „Customs and IPR Report 2007", Република Македонија беше рангирана на 10 место во светот по бројот на реализирани царински акции за спречување повреда на правото на интелектуална сопственост.

Со измените и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, во 2007 година се утврдени транспарентни критериуми (меѓу кои и финансиска и даночна историја на компанијата, сопствениците и менаџментот) за намалување на износот на банкарските гаранции за обезбедување на царинскиот долг (и до 0%). Обезбедено е и поедноставување и забрзување на постапката за прифаќање на гаранциите (доказната постапка ја спроведува самата Царинска управа), како и елиминирање на дискреционото право на Царинската управа на недоволно транспарентен начин да ја одредува висината на износот на банкарската гаранција.

Со цел намалување на непотребното оптоварување на економските оператори со трошоци и административни постапки, како и со цел усогласување со AcquisCommunautaire на ЕУ, во овој период се донесуваат повеќе олеснувања во меѓународниот патнички и стоков промет и се елиминираат или намалуваат голем број административни такси и надоместоци.

Па така, со измени на Законот за административни такси во 2007 година се елиминираат или се сведуваат на симболичен износ административните такси за добивање 12 видови дозволи и одобренија од Царинската управа, а во 2010 година се укинуваат и административните такси за поднесување на царински декларации, за барања за издавање на уверение за движење ЕУР.1 и за запис за внесување и

изнесување на стока во и од слободна зона или слободен склад.

Со измени на Правилникот за видот и износот на царински надоместоци за направени услуги во царинската постапка во 2007 година, се укинуваат надоместоците за издавање задолжителна царинска информација и за лабораториски испитувања, а во 2008 година се укинуваат надоместоците за царинска придружба, за складирање во склад на царинскиот орган и за користење на царинскиот информативен систем. Со преземање на надлежностите за управување со објектите на граничните премини за патен сообраќај од страна на Царинската управа, кон крајот на 2008 година се елиминира надоместокот за вагање на возилата. Во 2011 година надоместокот за користење на царински терминал се укинува во текот на спроведување на царинската постапка.




Екран од апликација за систем за информирање на менаџмент - СИМ

Новина која Царинската управа ја воведува во 2007 година е електронскиот Систем за информирање на менаџментот – СИМ (MIS)[36], кој служи за прибирање и анализи на податоци за активностите и прометот на граничните премини (возила, патници, контроли и резултати и др.).

Се носи и Оперативна инструкција за проверка на работните способности и процедурите за започнување на вработување со јавен оглас, со што Царинската управа ги исполнува критериумите од Конвенциите и Препораките на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Аруша декларацијата на Советот за царинска соработка, Законот за Царинската управа и Законот за спречување на корупција во делот на вработување.

На покана на Царинската управа, Светската царинска организација истата година спроведе дијагностичка мисија за усогласеноста на Република Македонија со Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на меѓународната трговија која две години порано ја донесоа земјите членки на СЦО, како единствен меѓународен инструмент кој овозможува нов пристап во управувањето со стоките што поминуваат преку граница, со уважување на блиските партнерски односи што треба да постојат помеѓу Царината и деловната заедница. Притоа, извршена е стратешка проценка на способноста на Царинската управа за спроведување реформи и модернизација, со дадени совети за примена на Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на трговијата и со посочена стратешка насока за спроведување на идните активности.

Во соработка и со финансиска поддршка Проектот на USAID[37] за подобрување на деловното окружување, Царинската управа во 2007 година го збогатува фондот на преведени и објавени прирачници и публикации на СЦО (Рамка на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната

---

36 MIS – Management Information System (Систем за информирање на менаџментот)

37 USAID – United States Agency for International Development

трговија, Кратко објаснување на Ревидираната Кјото конвенција и Поимникот на меѓународни царински термини).

Од август 2007 во функција се става „Бордер апликацијата" со која се комплетира следењето и затворањето на транзитот започнат во ASYCUDA и обезбедената банкарска гаранција во системот „Наплата".

Согласно Законот за прекршоците, донесен во 2006 година, се воспостави нов систем на водење на прекршочната постапка за одделни прекршоци утврдени со закон. Покрај судовите, со овој закон се овозможи прекршочната постапка да ја водат и органите на државната управа, меѓу кои и Царинската управа. Во октомври 2007 година, се донесуваат измени на Законот за Царинската управа[38], со што Царинската управа ги презема надлежностите од судовите за водење на прекршочни постапки, изрекување прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки за сторен царински прекршок. Надлежност за постапување и одлучување на Комисиите за одлучување по прекршок по сторени прекршоци се однесуваат на спроведување на Царинскиот закон, Законот за акцизите, Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за девизно работење, Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки и Законот за Царинска управа. Комисиите како независни и непристрасни прекршочни органи во својата работа преку правилна примена на материјалното и процесното право се должни на сторителот на прекршокот да му гарантираат правично и објективно одлучување во функција на заштита на човековите права. Согласно добиените ингеренции, Царинската управа од јануари 2008 година започна со изрекување мандатни казни за сторени царински прекршоци.




Екран за најава во СЕМС

Во 2007 година Царинската управа започнува со развој на Системот за размена на пораки на Југоисточна Европа (SEMS[39]), кој стана целосно оперативен во јуни 2009 година. SEMS служеше за размена на информации за патници,

38 Согласно амандман XX на Уставот на Република Македонија од 2005 година, заради поефикасно и побрзо решавање на прекршоците, како и растеретување на судовите од напливот на прекршочни предмети, за прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања.

39 SEMS –South-East European Messaging System

стока, возила, пловни објекти, авиони во патен, речен и воздушен сообраќај, пред нивното пристигнување, како и за прибирање и анализа на информации за разузнавање и анализа на ризик.

Во периодот од 2007 до 2011 година Царинската управа има поднесено над 630 пријави за основано сомневање за сторени кривични дела, од кои најмногу за царинска измама (над 240), криумчарење (над 120), нелегален промет со акцизна стока (над 130) итн. Истовремено се процесирани над 8100 пријави за сторени царински, девизни и акцизни прекршоци, при што се донесени 5300 решенија за сторени прекршоци и покрај мерката одземање на стоката која е предмет на прекршокот, изречени се глоби во вкупен износ од околу 300 милиони денари.

Со цел зголемување на административниот капацитет на Царинската управа, кон крајот на 2007 година Министерството за финансии склучува двегодишен договор со меѓународно консултантска куќа Crown Agents за ангажирање на царински експерти од ЕУ. Овие царински експерти во период од две години, работеа заедно со царинските службеници на Царинската управа на воведување системи на контрола и процедури засновани на ризик како примарни основи за спроведување на царинските активности, развој на истражните и разузнавачките функции, идентификување и откривање нерегуларности, илегална трговија, криумчарење и економски криминал, развој и унапредување на ефективна меѓу агенциска соработка во земјата и странство и развој и имплементација на антикорупциска стратегија.

Веќе следната година започнува процесот за воведување интерен контролен систем во Царинската управа, а преку донесување на Упатството за интерен контролен систем се утврдуваат интерните контролни цели, начинот на идентификација, анализа и вреднување на ризиците, како и интерните контролни процедури и улогата на раководството и вработените во Царинската управа.

Со измените и дополнувањата на Царинскиот закон донесени во 2008 година се обезбедува правна рамка за воведување на концептот на овластен економски оператор – ОЕО[40]. Утврдени се критериуми за лица со поголем ризик, услови за одземање на претходно издадени царински лиценци, одобренија за застапување, донесување и поништување или укинување на одлуки од областа на царината.

Истовремено се врши и усогласување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, базирана на соодветната царинска регулатива на ЕУ со што Република Македонија се приближува кон европското законодавство и во делот на поднесување на царинските декларации со воведување на збирна декларација, а подоцна и збирна декларација пред пристигнување и пред заминување на стоката. Имено, Законот предвидува воведување т.н. поедноставени царински постапки, меѓу кои локално царинење каде што фирмите, врз основа на одобрение од Царинската управа, можат увозното и извозното царинење да го вршат 24/7 во своите простории наместо на царински терминали, овластен примач и испраќач, што е поволно за царинење на т.н. збирни пратки, како и уредени царински постапки со економски ефект, увоз и извоз за облагородување, царинско складирање и др.

40 Согласно измените на Царинскиот закон на ЕУ 648/2005




Hplc[42] – течен хроматограф




Kjeldahl – за одредување на азот и протеини и Soxterm– за хидролиза

42 HPLC – High Performance Liquid Chromatography (Течна хроматографија со високи перформанси)

Продолжува и доопремувањето на царинската лабораторија со нова опрема донирана од Европската комисија, во рамките на CARDS програмата. Истата година, Царинската управа склучува договор за деловно техничка соработка со ПМФ – Институт за хемија, Скопје, со цел релокација на царинската лабораторија во просториите на Институтот за хемија, користење на нивната инфраструктура, споделување на опремата, како и помош и обука од страна на експертите од Институтот за хемија. Во наредниот период лабораторијата постојано се надградува со нова опрема од областа на спектрометријата, хроматографијата и други техники за испитување, како и со нови аналитички методи.

Во рамки на Програмата за соработка помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Македонија во домен на европски прашања за 2008/2009 се реализира техничка помош за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, во повеќе области во кои е опфатена и Царинската унија (олеснување на царинските постапки, царинска лабораторија, зајакнување на механизмите за царинска контрола и др.).

Во мај 2008 година Царинската управа го уредува начинот на работа со лица кои даваат информации (информатори) за потребите на царинското разузнавање, нивната заштита, стандардниот пристап при нивната идентификација, како и подготовката и управувањето со нив со цел обезбедување постојан проток на квалитетни информации, процедурите за прибирање и чување информации од информаторите и условите за давање надомест.

Веќе следниот месец со Законот за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка на СЦО се прифаќа барањето за членство на Европските заедници во СЦО. Законот за ратификација на Протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (ревидирана Кјото конвенција) од крајот на 2008 година претставува

натамошно усогласување со Acquis Communautaire на ЕУ и прифаќање на инструментите на СЦО во поглед на обезбедување соодветен баланс помеѓу контролата и прибирањето на приходи од една страна и олеснувањето на трговијата од друга страна.

Се започнува и со повторно објавувањето на месечното списание „Царина“ каде се објавуваат новините во царинското работење. Истата година е воспоставена и царинска библиотека која во 2012 година веќе има 250 наслови (книги, публикации, брошури) и 68 видео записи.

Во делот на надлежностите за одлучување по прекршоци, Царинската управа од август 2008 година добива надлежности за одлучување предвидени и со Законот за девизно работење.

Исто така, се добиваат надлежности и во делот на управување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај со кои дотогаш управуваше Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор (ЈПССДП). Притоа, Царинска управа од ЈПССДП презеде над 50000 $m^2$ деловен простор, земјиште, царински терминали и 204 работници. Со ова беше започната реформата на ЈПССДП, со истовремено намалување на трошоците и обезбедување поповолни услови на економските оператори и патниците.

Со Закон за ратификација на Протоколот кон ССА од септември 2008 година се антиципира пристапувањето на Република Бугарија и Република Романија во ЕУ и се создаваат услови за имплементација на дијагоналната кумулација на потеклото со вклучување на Република Турција.

Во оваа година се уредува и селективниот пристап, базиран врз анализа на ризик, при спроведување на царинските контроли. Истовремено, Царинската управа донесува постапка за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата.



Опрема за вршење на царинска контрола

Со асистенција на Владата на САД се обезбедува и нова техничка опрема за вршење царинска контрола (бустер, фиберскоп, ласерски мерач на далечина, пејџери за откривање радијација и разна друга софистицирана опрема за откривање скриена стока). Во 2008 година Царинската управа воведува модерно лично вооружување за заштита на царинските службеници при вршење на работните обврски.

Во 2008 година Царинската управа воведува електронска Апликација за евиденција на прометот на девизни средства, хартии од вредност и благородни метали, при што ѝ е овозможен директен пристап и на Агенцијата за спречување на перење пари. Царинската управа воспоставува детална електронска база на податоци за кривичните пријави кои Царинската управа ги доставува до надлежното јавно обвинителство.




Систем за видео мониторинг и препознавање на регистарски таблички (CCTV&ANPR)

Се воспоставува и централизирано контролиран систем за видеонадзор – CCTV кој овозможува видеонадзор, снимање и фотографирање во реално време на подрачјето на кое Царинската управа ги извршува своите функции. Со ова се обезбедува поддршка на активностите за откривање и спречување недозволена трговија и шверц на стока, заштита на здравјето на луѓето и животната околина, сузбивање на злоупотребата на службени овластувања и несовесно вршење на службените должности, забрзување на трговијата и транспортот и ефикасно отстранување на евентуални застои, како и за обезбедување на вработените и имотот на Царинската управа. Врз основа на анализа на ризик, разузнавачки и други информации, се таргетира задолжителниот мониторинг, а камерите снимаат 24 часа. Пристап кон системот има и претставникот на Царинската управа во Националниот координативен центар за Интегрирано гранично управување. Начинот за работа со CCTV-Царинската управа го уредува во јануари следната година

Со цел контрола на протокот на возила, откривање и спречување на недозволена трговија и шверц на стока, на подрачјето на граничните и внатрешните царински испостави, се поставува систем за автоматско препознавање на регистарски таблички  на 132 коловозни ленти.

Во текот на 2008 година продолжува трендот на јакнење на информатичкиот систем, пред сè со реорганизација на царинската мрежа, со што се обезбеди побрз и посигурен проток на податоците во системот.




Компјутерска мрежа на Царинска управа, 2008 година

Во функција се става Системот за размена на податоци со Управата за спречување на перење пари познат како „Девизни контролници". Во овој систем се врши евиденција на податоците за внесени и изнесени девизи и хартии од вредност и истите електронски се разменуваат со Управата за спречување на перење пари.

Изработен е Систем за информирање на менаџментот (СИМ) во кој царинските службеници имаат увид за обемот на работа, увид во податоци за осомничени лица, следење на ризиците во транзит и споредбени прегледи на статистички податоци од надворешното трговско работење.




Влезен екран за девизни контролници



Екран од апликација СИМ

Се изработуваат и пуштаат во употреба Апликацијата за терминалска наплата која обезбедува евиденција на наплатата на терминалските такси на царинските терминали, Царинскиот форум преку кој царинските службеници поставуваат прашања и добиваат одговори од соодветните

служби во управата, како и Националната база за вредност која овозможува евиденција на различното вреднување на одредени производи.

Преку „GPRS“[43] системот за оперативните единици на Царинската управа, се обезбедува далечински пристап кон ИТ системите, со што се зголемува капацитетот за откривање и спречување обиди за шверц и криумчарење.




Почетен екран на системот ЕКСИМ

Голем исчекор во дигитализацијата на царината е направен во ноември 2008 година со имплементацијата на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти– ЕКСИМ, што на економските оператори им овозможува добивање повеќе од 60 дозволи за увоз, извоз, транзит на стоки и распределба на тарифни квоти по електронски пат. Преку системот, корисниците можат да го следат статусот на процесирање на нивните барања, сè до нивното конечно издавање. Со ЕКСИМ системот за првпат се воведува дигитален потпис во државната администрација.

43 GPRS – General Packet Radio Service (Општа услуга за радио пакети)

Со имплементацијата на ЕКСИМ системот Република Македонија го воспостави т.н. „Single Window“ концептот, промовиран од релевантните меѓународни организации и Европската Унија како значајна алатка за олеснување на трговијата. Во 2009 и 2010 година Економската комисија-та на Обединетите нации за Европа (UNECE) го препорача ЕКСИМ на земјите од Југоисточна Европа како модел за развој на електронски едношалтерски систем за издавање извозни и увозни дозволи. ЕКСИМ ја доби и првата награда на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ за најдобро софтверско решение во јавниот сектор за 2009 и 2010 година во Република Македонија.




Архитектура на Едношалтерски систем - ЕКСИМ

Со модернизацијата на информатичката технологија,од 2008 година и Специјалните (мобилни) единици на Царинската управа (Одделение за оперативни работи) добиваат

можност за безжичен пристап кон ИТ системите на Царинската управа, а со цел зголемување на капацитетот за откривање и спречување обиди за шверц и криумчарење. Основна функција на овие единици е сузбивање на криумчарење на разни стоки на целото царинско подрачје на Република Македонија преку гранични и длабински контроли. Специјалните единици обезбедуваат поддршка на царинските службеници на граничните премини и царинските терминали, со изведување на стручни прегледи и акции. Членовите на специјалните единици се посебно обучени за преглед на патнички автомобили, камиони, автобуси, вагони, патници, багаж на патниците, простории и друго. Прегледите се вршат по конкретно добиени информации, планови, програми, анализа на ризик, како и по барање на други државни органи. Во координација со ОКК, тие спроведуваат и царински надзор на иматели на одобренија за локално царинење и по завршување на редовното работно време. Специјалните единици во септември 2008 година добиваат и нови царински униформи.



Зимска и летна униформа на специјалните единици

Истовремено, во царинските контроли се воведуваат и кучиња, специјално обучени за таа цел. Во 2008 и 2009 година Царинската управа набавува 7 царински кучиња, а се утврдува и постапка за чување, обучување и користење на царински кучиња за откривање дроги, психотропни супстанции и прекурзори.



Преглед со царинско куче и остварена заплена

За надзор на границата на Преспанско и Охридско Езеро, како и откривање шверц и криумчарење, во средината на 2008 година Царинската управа става во функција два патролни чамци. Се утврдува и начинот на нивна употреба на Службата за мобилни тимови (ревидирано во ноември 2011 година) и Прирачник за работа со моторен чамец, со кои се уредува начинот за безбедно ракување со моторните чамци, нивно пристанување или закотвување и контролните постапки за другите пловни средства.

Како електронска база на податоци на физички и правни лица и возила за кои оправдано се смета дека треба да им се посвети дополнително внимание при каква било царинска контрола, во 2009 година Царинската управа воспоставува Централна листа на осомничени – ЦЛО.




Царински патролен чамец




Царинска сигурносна пломба

За обезбедување поголема сигурност на пратките и соодветен царински надзор се воведува и нов вид на царински сигурносни пломби со единствени сериски броеви и електронска евиденција на начинот на нивно издавање, употреба и раздолжување. Со нив се заменија дотогашните пломби (парче олово кое со клешта со жиг се притиснува на парче жица) кои не обезбедуваа евиденција на издавањето и употребата и лесно се злоупотребуваа. Со примената на новите пломби се зголеми безбедноста на пратките со царинска стока во сите постапки (транзит, извоз и увоз) и се елиминираа ризиците во царинските постапки кои произлегуваат од застарениот систем на пломбирање.

Во насока на јакнење на административниот капацитет на царинските служби, Царинската управа во текот на 2009 учествуваше во програмата Царина 2020 – Програма на Европската комисија, која имаше за цел јакнење на ниво на ЕУ. Претставници на Царинската управа имаа можност да учествуваат на обуки, работилници, семинари и работни средби, со цел размена на искуства и знаења, како и запознавање со најдобрите практики од земјите од европскиот регион. Програмата која активно се користи и денес, покрај учеството во активности, овозможува и поврзување со царинските и даночните системи на ЕУ (преку системот CCN/CSI[44]). Настаните и активностите поддржани со програмата овозможија воспоставување на поблиски контакти со колегите од странски царински служби, размена на знаење и експертиза.

Преку активности од Инструментот за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија (TAIEX)[45], во кој Царинската управа започна да учествува во 2009 го-

44 Communication Network – CCN and Common System Interface – CSI (Комуникациска мрежа – CCN и Заеднички системски интерфејс – CSI

45 TAIEX – Technical Assistance and Information Exchange instrument of the European Commission

дина и кој се применува и денес за поддршка на државните администрации, се надоградуваат капацитетите за прекугранична соработка во борбата против криминалот со возила, проценка на анализа на ризик и физичка и документарна контрола, царински постапки за поштенски сообраќај, интегриран пристап во заштита на културното наследство и анализа на ризик во транзитна постапка, борба против меѓународната трговија со нелегални стоки и кривични дела против интелектуална сопственост, спречување на перење пари и проценка на ризик од финансирање тероризам, царинска вредност и управување со ризик.

Во 2009 година Република Македонија ги објави Коментарите на Хармонизираниот систем (ХС) кои официјално се преведени и на македонски јазик. Државата има обврска да ги преведува и објавува сите измени на ХС. Со цел да се следи технолошкиот развој и обемот на трговија на сите стоки со кои се тргува, на секои 5 години има значителни измени на номенклатурата на стоки во ХС.

Се воведе и електронска национална база на податоци за вредност (прибирање, обработка и дистрибуција на податоци за цените на стоките, како индикатор за реалноста на декларираните цени).

Со цел успешно водење кривичната постапка се уреди начинот и постапката на приведување на обвинето лице и задржување на осомничено лице како мерки за обезбедување негово присуство за успешно, како и начинот на распит на физичко лице осомничено за сторено кривично дело.




Коментар на хармонизиран систем

Во делот на меѓународната соработка, во 2009 година Република Македонија пристапува кон Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Ревидирана Кјото конвенција), која претставува еден од најзначајните инструменти на СЦО за имплементација на еднообразни царински постапки во сите договорни страни, за олеснување на трговијата, спроведување транспарентни поедноставени царински постапки, користење на информатичка технологија и управување со ризик, како и партнерство со бизнис заедницата.

Истата година се заокружии правната рамка со која стоките произведени со суровини и репроматеријали од Турција се ослободуваат од плаќање царини при извоз во земјите членки на ЕУ, со што се зголемува конкурентноста на македонските производи во ЕУ и атрактивноста за странски директни инвестиции во Република Македонија.

Царинската управа во мај 2009 година беше домаќин на петтиот регионален Координативен форум во рамки на проектот на ЕУ ТАСТА[46], кој се одржа во Скопје, а на кој присуствува директори на царински служби од Република Македонија и државите од Западен Балкан, корисници на помошта. На Форумот се усвоија заклучоци за засилување на взаемната соработка на полето на електронската размена на информации и поврзувањето на царинските информациски системи за испитување на можностите за заеднички и взаемни контроли. Проектот ТАСТА инаку обезбедува помош за модернизација на организациската структура и царинското работење, развој на нови стратегии за борба против царинските измами и недозволената трговија.



Советот на СЦО, на годишниот состанок одржан во јуни 2009 година во Брисел, на Царинската управа на Република Македонија ѝ ја додели годишната награда – „Трофејот Јоланда Бенитес 2009 за најдобри достигнувања во заштитата на правата од интелектуална сопственост“ , конкретно за запленета фалсификувана стока што може да му наштети на човековото здравје и безбедност

46 ТАСТА – Technical Assistance to Customs and Tax Administrations (Техничка помош за царинските и даночните управи)

Еден од значајните настани кои ја одбележаа 2009 година беше одржувањето на Регионалниот тренинг центар (РТЦ)[47] – Светска царинска организација на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а истиот го отвори Кунио Микурија, генерален секретар на Светската




Екран од ПЕК

47 Regional Office for Capacity Building for the World Customs Organization Europe Region (Регионална служба за градење на капацитети во Европскиот регион на Светската царинска организација (https://rocb-europe.org/rtc-skopje))

царинска организација – СЦО[48]. Основна цел на овој центар е давање придонес кон градењето на административниот капацитет на царинските служби во регионот во насока на зголемување на квалитетот и забрзувањето на царинските постапки.

Во 2009 година се продолжи со дигитализација на царинското работење и започна оперативна примена на повеќе значајни системи и тоа:

- Систем за евиденција на работно време и контрола на пристап (SWT&CA);
- Систем за глобално позиционирање на царинските возила (GPS);
- Електронски систем за планирање на ресурсите и материјално и финансово работење (LUKA);
- Систем за електронското управување со документите (eDMS[49]);
- Систем за видео мониторинг и препознавање на регистарски таблички (CCTV&ANPR);
- Интерен радиокомуникациски систем (РКС);
- Систем за размена на податоци со други држави (SEED);
- Портал за електронско поднесување барања до Царинската управа (ПЕК);
- Електронско учење (E-Learning) и
- Систем за видеоконференција за реализација на обуки.




Почетна страна на Системот за електронското управување со документите




Електронски систем за планирање на ресурсите и материјално и финансово работење - LUKA

Од суштинско значење за натамошниот развој на информатичкиот систем на Царинската управа се трите стратегии кои беа подготвени во текот на 2010 година: Стратегија за информатички и комуникациски технологии, Стратегија за имплементација на интероперабилност на Царинската управа на Република Македонија и Стратегија за имплементација на заедничкиот транзитен систем - Нов компјутеризиран транзитен систем – НКТС. Овие документи ги обединуваат во тоа време напорите на Владата

48 World Customs Organization (WCO)

49 Electronic Document Management System (EDMS)

на Република Македонија и Царинската управа за исполнување на обврските кои произлегуваат од Националниот план за усвојување на правото на Европската Унија (Acquis Communautaire).

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизи, Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, Законот за даночна постапка и Законот за Управата за јавни приходи[50] од јануари 2010 година, Царинската управа станува надлежен орган за спроведување на Законот за акцизи на целата територија на Република Македонија (и при увоз и извоз, и во внатрешниот промет и како и во производство). Притоа, нејзини основни функции стануваат издавање акцизни дозволи и одобренија за акцизно повластено користење, издавање контролни марки (бандероли) за обележување на тутунски добра и алкохолни пијалаци, пресметка, утврдување и наплата на акциза, обработка на акцизни документи, обработка на акцизни пријави и утврдување на акцизни побарувања, спроведување акцизна контрола над акцизните обврзници и водење на прекршочна постапка согласно Законот за акцизи. За потребите на поедноставената постапка се воведуваат дефиниции за царинска испостава на влез, увоз, извоз и излез, како и влезна и излезна збирна декларација. Се менуваат условите и постапките за давање одобрение за вршење работи на застапување, со што добивањето на вакви лиценци станува бесплатно. Со измените се дополнува и списокот на прекршоци за кои се изрекува глоба. Истовремено, за полесните прекршоци, односно за прекршоци за кои не е предвидена мерка за безбедност одземање на стоката која е предмет на прекршок, Царинската управа започна да спроведува постапка за порамнување и посредување. Се воведуваат и нови контролни марки за обележување на тутунски добра и алкохолни пијалаци, со лого на Царинската управа и со висок степен на заштита од фалсификување.




Контролна марка за обележување на алкохолни пијалаци




Контролна марка за обележување на тутунски добра

Се продолжи и со поедноставување на царинските постапки во одделни сегменти. Па така, почнува да се применува законската можност за поднесување усна царинска декларација за комерцијални пратки со мала вредност. Усната декларација е особено практична за царинење мали пратки кои пристигнуваат по пошта, со авион, или пак, на граничен премин. Исто така, започнуваат да се применуваат и поедноставените постапки при царинење на збирни пратки што се остварува преку логистички центри кои имаат одобрение од Царинската управа за поедноставувања во транзит (одобренија за овластен примач и испраќач). Поедноставените постапки овозможуваат спроведување на царинските постапки во просториите на компанијата, царинењето е можно 24/7 и не зависи од работното време на

50 Сите се објавени во „Сл.весник на РМ" бр. 105/2009

царинските испостави, при што не постои обврска за влегување во царински терминал со што се елиминираат трошоците за престој на царински терминали и се намалуваат трошоците за шпедитерски услуги.

Измените на Законот за Царинска тарифа[51] донесени во 2010 година, донесоа многу значајни новини. Со нив повторно се воведе единствена царинска давачка во висина од 15% која се применува за физички лица, а која дотогаш беше вметната во Царинскиот закон. Особено значајно е воведувањето одредба со која се определува дека Царинската управа ги интегрира сите тарифни и нетарифни мерки, определува дополнителни ознаки на интегрираната царинска тарифа, ја ажурира интегрираната царинска тарифа и ја објавува во електронска форма со користење на компјутеризиран систем, кога е тоа возможно.

Со измените се воведе и правна рамка за воспоставување Интегрирана царинска тарифа (вид на национален TARIC[52] кој се користи во ЕУ) во која се интегрираат сите тарифни и нетарифни мерки, согласно важечките прописи на Република Македонија.

Исто така, се овозможи заедничко царинење со царинските служби на соседните држави, се укина концептот „лице за кое постои повисок ризик“ и се пренесоа одредбите за единствена царинска стапка од Царинскиот закон во Законот за царинска тарифа.

Со измените и дополнувањата на Царинскиот закон од април 2010 година се воведе правна рамка за задолжителна електронска царинска декларација и за електронско доставување на информации за најава на поаѓање и пристигнување на стока од и во царинското подрачје на Република Македонија, како услови за функционирање на новиот СОЦДАД[53] и за унапредување на системите за царинска контрола базирана на анализа на ризик. Со ова е извршено и усогласување со Царинскиот закон на ЕУ.



Во март 2010 година во Охрид се одржа редовна Годишна конференција на Европскиот регион на Светската царинска организација, на која се дискутираше за јакнењето на борбата против фалсификатите и пиратеријата, имплементацијата на стандардите на СЦО за поддршка на трговијата и јакнење на безбедноста и сигурноста, координираното управување со границите и развој на едношалтерски систем.

51 „Сл. весник на РМ“ бр. 35/2010

52 TARIC – the integrated Tariff of the European Union

53 Систем за обработка на царински декларации



Посета на Генералниот секретар на СЦО во Царинската управа

Оперативната инструкција за проверка на работните способности и процедурите за започнување на вработување со јавен оглас се преточува во новиот Колективен договор на Царинската управа од јули 2010 година, целосно усогласен со Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

Во август 2010 година се уредува постапката за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност, како и обврските на надлежните организациски единици за водење евиденција и доставување информации поврзани со компаниите за кои е отпочната постапка за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност.

Измените на постоечкиот Договор за слободна трговија со ЕФТА државите, кои почнуваат да се применуваат од октомври 2010 година, како новина го носи новиот протокол за потекло каде се воведуваат, покрај ЕФТА земјите, Турција, земјите членки на Европска Унија и земјите кои се поврзани во Процесот на стабилизација и асоцијација (Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Србија и Косово). Во овој период Македонија применува пет договори за слободна трговија и тоа со Европска Унија, со Турција, Украина, ЦЕФТА и ЕФТА земјите. Во речиси сите договори се применува дијагонална кумулација.

Со цел организирање на работата, начинот на поставување и поефикасно користење и чување на мобилните рендгени за контрола на личен багаж, во ноември 2010 година се утврди начинот за скенирање на личен багаж на патници со мобилен рендген и Прирачник за работа со мобилен рендген, што претставува информативно средство за сите систем оператори на „LS207 Autovan" системот, кое им овозможува правилна, безбедна и ефикасна употреба на истиот.



Царински скенер



Преглед со царински скенер

Во овој период Царинската управа активно учествуваше во проектот на ЕУ „Проценка на ризикот за царините од Западен Балкан –RACWeB[54]“, кој имаше за цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста на државите од Западен Балкан во проценката на ризикот, преку обезбедување поддршка при идентификацијата на ризиците со примена на техники за пребарување во базите на податоци, на национално и регионално ниво.



Екран на апликацијата SEED

Проектот „Систем за електронска размена на податоци (SEED[55]) во земјите на Западен Балкан“, финансиран од ЕУ, во ноември 2010 година обезбеди електронска размена на податоци и раздолжување на транзитот помеѓу земјите од Западен Балкан. Основна цел на SEED беше обезбедување повисок степен на царинска контрола и намалување на царинскиот криминал и корупцијата. Во септември и декември 2010 година Царинската управа на Република Македонија со царинските управи на Албанија и Србија, потпиша билатерални Протоколи за електронска размена на царински податоци преку SEED.

Врз основа на контролите базирани на анализа на ризик, само во 2010 година се наплатени 21,5 милиони евра на име увозни давачки.

54 RACWeB – Risk Assessment for Customs in Western Balkans

55 Systematic Electronic Exchange of Data

Во 2010 година Царинската управа воведе систем за анализа на квантитативни податоци за увозот и извозот (вредност, количина, наплатени увозни давачки) како основа за профилирање на области за царинска контрола на веќе завршени царински постапки, како и за профилирање на ризични области за идна контрола.

Се ревидираа и условите за полагање стручен испит за лиценцирани застапници, а се воведуваат и прекршочни санкции и критериуми за суспендирање на одобрението и лиценцата. Одобренијата и лиценците за вршење на царинско застапување ги издава Царинската управа.

Во овој период, еден од главните фокуси беше унапредување и надградување на институционалниот и административниот капацитет, пред сè преку воведување и институционализирање на одржливи системи за царинска контрола базирани на анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, работата на специјалните единици, како и преку перманентен и динамичен развој на информатичката и комуникациската поддршка и воведување современи технологии, средства и апарати.

Со цел поуспешно справување со ризиците при извршувањето на своите надлежности беше донесена првата Стратегија за управување со ризик за унапредување на системскиот пристап за идентификување и контрола на ризикот.

Се донесе и првата Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост (операционализирана со годишни акциони планови) со цел унапредување на организациската поставеност и техничката опременост на Царинската управа за заштитата на правата од интелектуална сопственост, подигнување на свеста за штетните последици од фалсификуваната стока и заштита на конкурентноста на домашните и странски производители на стоки со заштитни марки.

Во рамки на проектите финансирани од ИПА 2007 програмата (ИПА фондови на Европската комисија), во текот на 2010 година се реализираа 3 под-проекти: Под-проект за натамошно усогласување на националното царинско законодавството со законодавството на ЕУ, Под-проект за техничка поддршка за подобрување на царинските ИКТ системи и Под-проект за зајакнување на граничните контроли.

Царинската управа воспостави целосна информатичка покриеност на евиденциите и процесите поврзани со управувањето со човечките ресурси, во рамките на Интегрираниот информативен систем – ИИС (детална персонална евиденција, регрутирање, евалуација на работната изведба – системот ги покрива деловните процеси кои се поврзани со управувањето со човечки ресурси и размена на податоци со останатите вработени кои се корисници на овој систем и др.). Покрај претходно донесените интерни акти, во 2010 година се донесени повеќе акти за уредување на работата на овој систем и тоа Корисничко упатство за работа со софтверот за мерење на учинокот на вработените, Прирачник за работа со електронскиот систем за персонална евиденција,во рамки на ИИС; Упатство за пристап во електронскиот систем за персонална евиденција, со кое се утврдија податоците и евиденциите во електронскиот систем на персонална евиденција на вработените, се уреди начинот на ажурирање на податоците, на одобрување на овластување за пристап во персоналната евиденција, како и на подготовка на податоци и извештаи, како и Корисничко упатство за работа со софтверот за регрутирање и вработување (со овој софтвер се обезбедува единствена база на податоци за кандидатите кои се пријавуваат на јавните огласи за вработување, како и автоматско префрлање на избраните кандидати во базата на вработени).

Во почетокот на следната година се формира Комитет за управување со ризик, чиј начин на работа, како и правата и обврските на координаторот и членовите, се уредуваат со

Деловник за работа на Комитетот за управување со ризик. Се уредува и постапката за верификација на доказите за преференцијално потекло на стоката издадени во согласност со договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со земјите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА, како и со Турција и Украина.




Водич за царинење на стоки

Следат и нови измени и дополнувања на Законот за акцизи со кои се уредуваат условите и постапката на контрола, обележувањето и користењето на обележаните минерални масла, а се изменуваат и одредбите за прекршоци со дополнувања во делот на санкциите за злоупотреба при несоодветно користење на минералните масла, особено во делот на користење на т.н. „црвена нафта“.

Се финализираат и активностите од „Проектот за натамошно усогласување на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ“, финансиран во рамки на Прграмата IPA[56] 2007 (подготвени измени и дополнувања на текстови на правни акти и изработени интерни упатства). Исто така, завршува и имплементацијата на „Проектот за зајакнување на граничните контроли“, финансиран во рамки на Програмата IPA 2007. Проектот има за цел засилување на капацитетите на Царинската управа за справување со царински измами, прекуграничниот криминал, корупцијата и нелегалната трговија.

Во март 2011 година стартува и нов Проект за воспоставување на електронска транзитна постапка, со кој Република Македонија треба да се приклучи во Новиот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ – НКТС. Од страна на ЕК во ноември е извршена Ревизија на резултатите[57], во чии рамки детално се проверени активностите, испораките и постигнатите резултати во рамките на проектот за воспоставување на НКТС и постигнување компатибилност и поврзување со системите на ЕУ. Проектот за имплементација на НКТС е оценет со висока оценка во однос на релевантноста, квалитетот на дизајнот и во однос на капацитетот за понатамошно одржување и унапредување.

Царинската управа го уредува и начинот на подготвување, изработка и поднесување кривична пријава за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција.

Со цел поддршка на системскиот развој на капацитетот на Царинската управа за спроведување на царинската контрола, предистражните и истражните мерки, како и разузнавачките активности за откривање прекршоци и кривични дела, се формира Комитет за контрола и безбедност, кој ги анализира применетите методи, средствата и законската рамка за спроведување царински контроли и предлага насоки за нивен развој.

Воспоставен е и Комитет за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа за перманентно анализирање на административната и орга-

56 IPA – Instrument for Pre-Accession Assistance (Инструмент за претпристапна помош)

57 Result Oriented Monitoring mission

низациската поставеност на службата и предлагање активности за нејзино унапредување.

Со измените и дополнувањата на Царинскиот закон од април 2011 година се утврдуваат условите за одложено плаќање на царински долг и прифаќање на општа гаранција, наплатата на царински долг и сметководствената евиденција. Одредбите на Царинскиот закон се усогласуваат со ЗОУП[58] и Законот за управна инспекција, во поглед на роковите за одлучување.

Со прават и измени на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост со што се укинува надоместокот за обработка на барањето за преземање царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост. Се уредува постапката при откривање на двојни фактури при контрола на стоки, поштенски пратки и товарни моторни возила.

Со оглед дека мрежата на договори за слободна трговија стана многу комплексна, Европската комисија уште во 2007 година лансира идеја за донесување на Регионална конвенција. Конвенцијата претставува правен документ во кој се дефинирани правилата за потекло и методите на административната соработка. Република Македонија во јуни 2011 година ја потпишува оваа Конвенција со што значително се поедноставува примената на правилата за потекло со дефинирање на една зона на кумулација.

Во 2011 година Владата на Република Македонија формираше Координативно тело за надзор на пазарот. Во овој контекст, Царинската управа го утврдува начинот на уредување на предметите, надлежностите и постапките при вршењето царинска контрола согласно Законот за надзор на пазарот од аспект на квалитетот и безбедноста на производите кои се внесуваат на домашниот пазар.

58 Закон за општа управна постапка

Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост претрпува измени во 2011 година со кои се прецизираат правата и обврските на носителите на правата, на Царинската управа, Државниот управен инспекторат и Управниот суд. Со измените, меѓу другото се предвидува Царинската управа да може да ја укине одлуката за прифаќање на барањето за преземање на царински дејства доколку носителот на правото не постапува согласно законот.

Се воведува и електронска стоп-листа на осомничени возила за кои основано се смета дека треба да им се посвети дополнително внимание при вршењето на царинските контроли.

Кон крајот на 2011 година Царинската управа воведува нова службена легитимација, пропишана со нов Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација.




Службената легитимација е изработена од 135 грамска хартија во зелена боја, пластифицирана со 175 микронска фолија со димензии 90x55 мм, која е сместена во дводелен кожен повез со црна боја, и секој дел е со големина 75x105 мм.

Од 2011 целосно се исполнуваат обврските од ССА во поглед на царинските стапки за увезените стоки со потекло

од ЕУ, при што целосно се елиминираат царинските стапки на 653 тарифни ставки. Согласно ССА се укинуваат сите царински стапки за увозот на индустриски производи со потекло од ЕУ, но и понатаму остануваат царински стапки само за земјоделските и прехранбените производи[59]. Во овој период целосно се исполнуваат и обврските од Протоколот за пристапување кон СТО[60], при што се намалуваат царинските стапки на 29 тарифни броеви. Во истиот период стапуваат на сила и целосно се применуваат договорите за слободна трговија, особено во делот на ослободувањата од плаќање на царина за увезените стоки со потекло од Турција, Украина и земјите членки на ЦЕФТА. Со цел стимулирање на производството и извозот, се намалуваат или целосно елиминираат царинските стапки на повеќе од 300 царински броеви. Како резултат на претходно наведеното, просечната царинска стапка се намалува од 9,29%, колку што изнесуваше на крајот на 2006 година, на 8,75% на крајот на 2011 година, додека пондерираната ефективна царинска стапка се намалува од 2,76% (на крајот на 2006 година) на 1,24% на крајот на 2011 година.Намалувањето и елиминирањето на царинските стапки во овој период придонесува за значително намалување на увозните давачки и стимулирање на производството и извозот, но и за значително намалување на приходите од царини.

Во рамки на Проектот за натамошен развој на царинската служба, финансиран од ЕУ во рамки на ИПА 2007, Царинската управа обезбедува специјални детектори за откривање наркотици и експлозивни материи. За таа цел во декември 2011 година, Царинската управа го утврдува начинот за работа со електронски детектори за наркотици и експлозиви, со што се уредува организацијата на работа, начинот на поставување, користењето и чувањето на електронските детектори за наркотици и експлозиви.

59 Просечната царинска стапка изнесува 4,97 %

60 Светска трговска организација




Опрема за детектирање на нелегално внесување и транзитирање на радиоактивни материјали.

Во оваа декада, Царинската управа перманентно работи на обезбедување опрема за детектирање на нелегално внесување и транзитирање на радиоактивни материјали. На граничните премини за патен и железнички сообраќај, како и на аеродромот „Александар Велики“ во Скопје, се монти-

раат портални детектори за детектирање на радиоактивно зрачење. Исто така, Царинската управа обезбедува и повеќе видови преносни инструменти за детектирање на радиоактивни извори кои се употребуваат на граничните премини. При детекција на радиоактивен извор, во соработка со надлежните институции, се врши детално испитување и спектроскопска анализа на изворот и се проследуваат сите неопходни безбедносни процедури.

Со усовршување и подобрување на МАКЦИС системите на почетокот од втората декада од постоењето на самостојна Царинска управа се усовршуваше и делот на евиденција и наплата на приходите. Првично, со рачно спарување на налозите за плаќање со уплатите во хартиена форма (ПП50 обрасци), за набрзо потоа да се постигне автоматско поврзување на налозите од царинските декларации и уплатите со воведување на Систем наплата. На тој начин, со безхартиени документи се олесни и забрза постапувањето при евидентирање и поврзување на уплатите со налозите за плаќање.Истовремено се разви и Систем за управување со гаранции и одложено плаќање на царински долг, со што се овозможи одлагање на извршување на долгот со приложување и одобрување на гаранции од банка.

Во 2011 година, со воведување на документационен центар, Царинската управа овозможи секој вработен да има можност да ги следи трендовите и праксите во царинското работење, а се отвори и е-енциклопедија во која царинските службеници имаат пристап до сите материјали од одржани обуки класифицирани по области.

Во тој период е потпишан и Договор со Државниот царински комитет на Азербејџан за соработка на полето на професионално усовршување на царинските службеници, за воспоставување на соработка на регионалните тренинг центри на СЦО во Скопје и Баку и продлабочување на билатералната соработка помеѓу двете царински служби.

Во согласност со Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници 2011-2013 година, Царинската управа на својата интернет страница воведе модули на Европската комисија за царинско и деловно електронско учење (Регистрација и идентификација на економските оператори, Единствено одобрение за поедноставена постапка, Овластен економски оператор, Преглед на контејнери, Контрола на прекурзори на дрога за економски оператори, Контрола на прекурзори на дрога за царински службеници и ДДВ директива), преведени на македонски јазик.

Во декември 2011 година се утврдува постапка за фотодокументирање и фотоархивирање, со пропишување на стандардните процедури на фотодокументирање и начинот на фотоархивирање на откриени прекршоци, кривични дела и други видови незаконски дела од областа на царинското работење, како и специфицирање на потребната опрема за фотографирање.

При спроведување на царинскиот надзор, царинските службеници се овластени да поднесуваат прекршочни и кривични пријави поради основано сомневање за сторени кривични дела (царинска измама, криумчарење, даночно затајување, недозволено производство и промет со акцизна стока, наркотици, оружје, фалсификување документи и др.). Во секојдневното работење, во зависност од видот на царинска контрола, се користи техничка опрема и службени автомобили опремени со светлосна и звучна сигнализација. Опремата за работа на терен се состои од: огнено оружје, лисици, гумена палка, телескопски палки, панцир елек, тактички елек, мобилен телефон, диктафон, лап-топ, мобилен печатар, дигитален фото-апарат, видео камера, лупа за откривање фалсификати, сет за форензика, бустер, фиберскоп, тестери за наркотици, уреди за присилно запирање возила и друга опрема. Врз основа на Законот за кривична постапка, судот по писмено барање од Царинска-

та управа може да нареди преземање на посебни истражни мерки кога постојат основи за сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е сторено кривично дело.




Претрес со царинско куче

Со оглед дека Царинската управа има надлежност, по наредба на истражен судија или по насоки на јавниот обвинител, да врши претреси на домови и други простории, при вакви претреси во овој период се пронаоѓаат психотропни супстанции, брендирана стока, преносни компјутери и уреди за навигација. Како предмет на царинска измама најзастапени биле прехранбените и текстилните производи, пијалаците, градежните материјали и акцизните стоки. Од областа на економскиот криминал се откриваат повеќе случаи на фалсификување исправи, царинска измама и даночно затајување, односно фалсификувани уверенија за движење на стоки, ТИР карнети и др.

Се откриваат и повеќе случаи кога на царинските работници им се презентираат лажни фактури кои гласат на многу пониски вредности од вистинските, со цел да бидат избегнати вистинските износи на увозните давачки. Притоа, проверката се прави со поднесување барање, врз основа на билатерални договори со други држави, до странските царински администрации за дополнителна верификација на фактури и документи за увозно оцаринета стока во Република Македонија. Врз основа на добиените негативни одговори се поднесуваат кривични пријави за сторено кривично дело – царинска измама и даночно затајување.

„Модерните" трендови во криумчарењето продолжуваат и во овој период. Шверц на наркотици, девизи, мигранти, но и сè повеќе реализирани заплени по основ на повреда на правата на интелектуална сопственост се карактеристични за овој период. Притоа се одземени големи количини разни текстилни и козметички производи, обувки, очила, часовници и други производи со фалсификувани ознаки на брендови.



147.700 евра се запленети во 2005 година.



Рекордни 21712435 парчиња цигари запленети во 2007 година.




На 7 јануари 2007 година, на ГП Блаце, запленети се 486 килограми кокаин. Ова е реализирано со помош на рендген комбе, а дрогата била сокриена во камион во канти со боја.



Радиоактивно зрачење над дозволеното ниво, детектирано во 2008 и 2009 година.



150 илјади фалсификувани административни таксени марки откриени на ГП Јажинце во 2009 година.



Хероин, пронајден во 2010 година, сокриен во прерамки од детски ранци.



Илегални мигранти откриени на ГП Богородица во 2009 година со помош на мобилен скенер за контрола на големи возила и контејнери.

Како резултат на системски мерки за јакнење на царинска контрола и сузбивање на злоупотребата на службената должност, според проценки на производители и увозници на тутунски производи, учеството на цигари за кои не се платени давачки во вкупната потрошувачка на цигари во Република Македонија бележи перманентен значителен тренд на опаѓање од околу 25% на почетокот на 2006 година на околу 5% на крајот на 2011 година.

# Царинска управа денес – модерен сервис за граѓаните и општеството (2012 – 2022)

Царинските служби денес не можеме да ги замислиме без поддршка од современите технологии. Спроведувањето на царинските постапки и деловните процеси се темелат на употреба на напредна информатичка и комуникациска технологија. Оттаму, дигитализацијата е, преку овозможувањето на квалитетни услуги на бизнисите и граѓаните се еден од главните белези на третата декада од функционирањето на Царинската управа. Но, истовремено, во неа бележиме и продолжување со перманентно усогласување на домашното со царинското законодавство на Европската Унија, активности за регионална интеграција, како и примена на најдобрите европски практики за олеснување на трговијата и ефикасна наплата на приходите, паралелно применувајќи мерки за заштита на општеството. Сето тоа придонесе Царинската управа во извештаите на Европската комисија за напредокот на земјата, да се оценува како една од институциите со најголем напредок и високо ниво на подготвеност за евроинтегративниот процес и да се позиционира како една од водечките управи во регионот.

## Регулатива

Во третата декада по осамостојувањето, Царинската управа, продолжи да работи на усогласување на царинското законодавство со законодавството на ЕУ и најдобрите практики, а преку законските измени кои ги имплементираше, постојано ги следи европските и светските трендови во насока на олеснување на протокот во глобалниот синџир на снабдување.

Во декември 2013 година се направени измени на Царинскиот закон[61], со цел воведување можност за ослободување од плаќање увозни давачки за опрема наменета за научно-истражувачка и иновациска дејност и за стоки наменети за реализација на проекти кои се финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош – ИПА.

Донесен е и Закон за ратификација на Одлуката на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА бр. 3/2015[62], со кој првпат се воведува законска можност за примена на целосната кумулација како принцип за стекнување на потекло во ЦЕФТА зоната на кумулација и се укинува забраната за поврат или иземање од царински давачки во трговската размена помеѓу ЦЕФТА земјите.

Во февруари 2016 година заради потребата за усогласување со новиот Закон за општа управна постапка извршена е значајна измена на Царинскиот закон[63], кога се прави терминолошко подобрување на одредбите во кои е регулирано евидентирањето на царинските давачки. Со законот се регулира работењето во областа на човечките ресурси во Царинската управа, односно се утврдува поседувањето на меѓународно признатите сертификати.

Во август 2018 година се извршува уште една измена на Царинскиот закон[64] со цел усогласување на одредбите кои се однесуваат на овластените економски оператори со Царинскиот закон на Европската Унија (бр. 952/2013), со што се овозможува взаемното признавање на издадените одо-

61 „Сл.весник на РМ“ бр. 187/13

62 „Сл. весник на РСМ“ бр. 124/19

63 „Сл. весник на РМ“ бр. 23 од 10 февруари 2016 година

64 „Сл. весник на РМ“ бр. 144 од 03.08.2018 година

бренија за овластен економски оператор во рамките на ЦЕФТА страните, што претставува поволност и олеснување на регионалната трговија. Се врши и усогласување на одредбите за употреба на гаранции за обезбедување плаќање на царинскиот долг или други давачки кои можат да настанат во врска со стоката ставена во транзитна постапка, со одредбите на Царинскиот закон на Унијата. Се прават измени и во делот на прекршочните одредби со што се врши допрецизирање на одредени повреди на материјалните одредби од законот.

Во 2018 година, се прават измени на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон[65] со што се овозможува взаемно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор – ОЕО во рамките на ЦЕФТА страните. Суштински, со измените се менува целото поглавје за ОЕО и се утврдуваат поблиските критериуми за стекнување статус ОЕО, како и поволности кои произлегуваат од истиот, се уредува начинот на одобрување по поднесено барање и давање одобрение, како и правните дејства на даденото одобрение.

Во оваа декада бележиме и неколку измени на Законот за царинска тарифа. Во 2012 година направени се измени кои, пред сè, се однесуваат на заштитата на животната средина и општеството на глобално ниво. Со измените и дополнувањата на овој закон,почнувајќи од 2013 година, се укинуваат или намалуваат царинските давачки за стоки коишто се распоредуваат во 128 тарифни ознаки. Континуирано и квартално секоја година се објавуваат по четири измени и дополнувања на Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија. Со овие уредби се објавуваат одлуките за распоредувања на ЕУ за конкретни видови стоки кои и во нашата држава стануваат алатка која помага при распоредување.

Во 2019 година, следи усогласување на нормативниот дел на Законот за царинска тарифа со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа царинска тарифа, односно се исполнува обврската за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, како земја кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа. Со овие измени се врши терминолошко усогласување на терминот Интегрирана тарифа – ТАРИМ кој се користи во европската регулатива, со што се овозможува еднообразна примена и се создаваат услови за потполна примена на интегрираната царинска тарифа со примена на новиот систем СОЦДАД.

Во мај 2019 година донесен е новиот Закон за акцизи, кој стапи на сила на 1 јануари 2020 година. Во рамките на овој закон, донесени се нови правилници, кои поединечно и подетално го регулираат постапувањето на економските оператори поврзано со акцизите, движењето на акцизните добра, постапките поврзани со акцизните марки и општите постапки поврзани со алкохол, алкохолните пијалаци и тутунски производи и енергенсите.

Паралелно се работеше на нов Закон за данок на моторни возила и истиот е донесен на крајот на 2019 година, а стапи на сила на 1 јануари 2020 година. Законот е изготвен согласно препораките на Европската Унија за воведување еколошка компонента при оданочување на возилата, со цел глобално намалување на загадувањето на животната средина. Со донесувањето на законот целосно е променет начинот на пресметка и плаќање на данокот за моторни возила. Притоа, се воведени две компоненти при пресметката на данокот на моторни возила, „Ad Valorem“ компонента што подразбира даночење на процент од вредноста

65 „Сл. весник на РМ“ бр. 233 од 20.12.2018 година

на возилото и „Specific“ компонента каде пресметката се врши со користење на податокот за висината на емисијата на јаглерод диоксид кај возилата.

Врз основа на законот, донесена е Уредба за пресметка на данокот за моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот за моторни возила, како и правилници за негово спроведување, кои поединечно и подетално го регулираат постапувањето на економските оператори поврзано со даночењето на патничките возила. Со направените законски измени, државата се постави меѓу првите во регионот која воведе еколошки начин на даночење на патничките возила.

Голема поддршка во овие законски реформи, е добиена од ЕУ преку фондови од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), при што се реализирани следните проекти:

- Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока – проектот се реализираше во периодот од 2014 до 2016 година со поддршка на царинската служба на Словенија.
- Хармонизација на законодавството и постапките со законодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите – проектот се реализираше во периодот од јуни 2015 година до јуни 2017 во соработка со царинската служба на Австрија, а во рамки на овој проект е изготвен и Предлог Законот за акцизите.
- Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство – Спроведување на правата од интелектуална сопственост – проектот се реализираше во периодот од јануари 2016 година до јули 2018 година во соработка со Канцеларијата за патенти и трговски марки на Кралството Данска.
- Зајакнување на оперативни и институционални капацитети на Царинската управа - програма ИПА 2013.
- Техничка поддршка во областа на законодавството се реализира и преку неколку твининг проекти во текот на оваа декада, во соработка со царинските служби на Финска, Австрија и Словенија (подготвени бројни предлог закони и упатства за хармонизација со законодавството на ЕУ).




Твининг проект со ЕУ за Хармонизација на законодавството 2017

Покрај овие проекти, поддршка во подготовката на измени и нови законски регулативи, Царинската управа добива преку тековниот прокет за Подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи од програмата ИПА 2, кој започна во 2020 со времетраење од 36 месеци, во кој корисници се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската управа, а се реализира во соработка со царинските управи на Австрија и Хрватска.

## Дигитализација

Последната декада се карактеризира со имплементација на повеќе проекти за дигитализација на царинското работење, преку имплементација на неколку нови комплексни информатички системи и потребната инфраструктура, кои се основа и овозможуваат воспоставување на интероперабилност и интерконективност со системите на Европската унија, поради што Царинската управа работеше и на преземање и усогласување со регулативата за нивна примена.

Согласно препораките на мониторинг мисијата на DG TAXUD[66] од ноември 2011 година, а на предлог на Царинската управа, во февруари 2012 година Владата на Република Македонија донесе ревидиран Национален план за имплементација на заедничкиот транзитен систем НКТС[67] во Република Македонија. Според овој план, се реализираа голем број активности, со поддршка од фондовите на Европската Унија.



66 DG TAXUD - The Directorate General for Taxation and Customs Union (Генерален директорат за даноци и царинска унија)

67 NCTS – New Computerised Transit System

Се работеше на развој, имплементација и приклучување кон европскиот заеднички Нов компјутеризиран транзитен систем – НКТС. Се инсталира и конфигурира CCN[68]/CSI[69] мрежна и серверска опрема во податочниот центар на Царинската управа, со цел поврзување на националниотдел од НКТС системот во заедничкиот транзитен систем преку ЕУ CCN/CSI мрежата. Од страна на DG TAXUD и од претставници на државите членки на конвенцијата, спроведени се мониторинг мисии, кои резултираа со позитивен извештај за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка.

На 1 јули 2015 година нашата држава, по исполнување на сите услови и барања, прва во регионот, пристапи кон Конвенцијата за заедничката транзитна постапка на ЕУ.

НКТС системот, за економските оператори обезбедува побрз проток на стоките со минимални застанувања и гранични формалности, односно обезбедува единствено движење на стоката во рамки на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација, со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, е прифатлива за сите земји членки, односно со пристапувањето кон Конвенцијата се обезбедува интероперабилност на националниот транзитен систем со транзитните системи на земјите членки на ЕУ и се исполнува еден од условите за членство во Унијата. На национално ниво, придобивки имаат економските оператори, но и државата во целост, преку забрзување на протокот на стоки

68 CCN – Common Communication Network (Заедничка комуникациска мрежа)

69 CSI – Common System Interface (Заеднички системски интерфејс)

преку границите, намалување на трошоците за завршување на царинските формалности и намалување на обемот на формалностите кои се извршуваат на граница.




Почетен екран на системот НКТС

Во периодот од ноември 2012 година до октомври 2014 година, Царинската управа го имплементира проектот за воспоставување на европскиот систем за Интегрираната тарифна околина – ИТО[70], финансиран од ИПА фондовите на Европската Унија. Со Интегрираната тарифна околина е воспоставена платформа за компатибилност и интероперабилност на националната тарифна околина со тарифната околина на ЕУ, базирана на бизнис концепт за размена на информации со централниот ЕУ тарифен систем. Системот вклучува и модули за издавање на задолжителна тарифна информација, за распределба на царински квоти, за надзор на стоките.

70 ITE – Integrated Tariff Environment




Почетен екран на системот ИТО

Од исклучително значењеза Царинската управа, но и за сите економски оператори и други институции е пуштањето во функција на новиот софтвер – Систем за обработка на царински и акцизни документи (СОЦДАД)[71] во јуни 2019 година.

Со воведувањето на овој систем на кој се работеше повеќе години, започна новата дигитална ера во царинското работење. Со него се замени стариот АСУКУДА систем кој се применуваше од 1996 година и се воспостави нова целосно бесхартиена околина при спроведување на царинските и акцизните постапки.

СОЦДАД е комплексна ИТ платформа, составена од 10 системи, 4 подсистеми и повеќе системски елементи.

Истовремено, преку дополнителна надградба се обезбеди интеграција со веќе воспоставените системи кои се во функција: Новиот компјутеризиран транзитен систем – НКТС, Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – ЕКСИМ и Системот за интегрирана тарифна околина – ИТО.

71 CDEPS – Customs Declaration and Excise Processing System

Воведувањето на новиот систем СОЦДАД обезбедува интероперабилност и интерконективност со царинските информатички системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи, контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економските оператори и органите на државната управа, дава можност за целосно бесхартиена околина при спроведување на царинските и акцизните постапки, обезбедува ефикасност во спроведување на контролите на протокот на стока и патници и контрола на наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, како и подобрување на безбедноста и забрзување на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската Унија и СЦО.




Архитектура на СОЦДАД





Обука на економски оператори за СОЦДАД



Подготовка за пуштање на системот СОЦДАД



Прва поднесена декларација преку СОЦДАД

Царинската управа, заедно со Управата за јавни приходи е главен полнач на Буџетот на државата и тоа преку наплата на ДДВ при увоз, царински и акцизни давачки и надоместоци.

Денес, системите на ЦУ за наплата и обезбедување на царински и акцизен долг се целосно дигитализирани. Со системите за наплата и сметководство и управување со гаранции како дел од СОЦДАД, се постигна комплетно автоматизиран процес на обработка на налозите за плаќање за царински и акцизен долг и нивно спарување со уплатите. На имателите на гаранции и на сите корисници на Системот за наплата и сметководство им се овозможи детален преглед и увид во евиденцијата на уплатите и состојбата на нивната гаранција, како и во системот за управување со гаранции којшто веднаш ги ослободува средствата за работа со гаранција по завршената царинска постапка.

Модернизацијата овозможи и плаќање на царински долг и преку ПОС терминали на сите гранични премини, со што значително се олесни постапката при плаќање на давачки при увоз од страна на физички и правни лица во патнички промет.

Во 2021 во рамките на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во земјите од Западен Балкан, финансиран од Светска банка, подготвен е Блупринт за имплементација на нов Национален едношалтерски систем (NSW). Новиот едношалтерски систем, треба да овозможи нови напредни услуги за економските оператори, нов концепт на заедничка анализа на ризик на Царината и другите надлежни институции, со напредни системи за анализа и генерирање на извештаи.



Видео конференција за изработка на Блупринт за Новиот национален едношалтерски систем




Блупринт за нов Новиот национален едношалтерски систем

Активностите за воспоставување и примена на новите технологии во царинското работење продолжуваат. Преку истиот проект на Светската банка, Царинската управа интензивно работи и на имплементација на нова платформа на Систем за видео надзор и автоматско распознавање на регистарски таблички (CCTV&ANPR) на граничните премини во државата.

Паралелно со имплементацијата на ИКТ системите, во Царинската управа се зајакнуваат и капацитетите за поддршка на корисниците и инфраструктурата за обезбедување непрекинатост на работата на овие системи. Во оваа декада извршена е консолидација на хардверската опрема на системите во централниот податочен центар, обезбедени се примарни и резервни телекомуникациски линкови на сите царински локации во државата. Исто така, унапредени се процедурите за безбедност на ИКТ системите, управувањето со корисниците и нивниот пристап.

Во декември 2019 воспоставена е нова современа алатка („Service Desk") со која се обезбеди квалитетна информатичка и бизнис поддршка на корисниците, како надворешните така и внатрешните, а кои ги користат царинските ИКТ системи.

На крајот од 2021 година, бележиме просечна достапност на ИКТ системите во интервал од 99,5% до 99,7%, што претставува високо ниво на стабилност.

Набавена е ИКТ опрема за воспоставување на нов резервен Податочен центар во случај на криза и природни непогоди (Disaster Recovery), во Прилеп, (реализирано во 2021 година преку програмата ИПА2).



Состанок на проектен тим на програмата е-Царина



Заедничкиот податочен центар за оправување во случај на криза и природни непогоди во Прилеп

## Инфраструктура

Во оваа декада се реализирани и повеќе инфраструктурни проекти, кои имаа за цел подобрување на условите и квалитетот во работењето, преку реконструкција на граничните премини, особено на клучните коридори кои поминуваат низ нашата земја, набавка на современа опрема и друга техничка помош преку ИПА фондови, Светска банка, други донатори, но и од национален буџет.

Во 2018 година со набавка преку ИПА (ТАИБ 2013) проектот, извршено е доопремување на царинската лабораторија, со инструменти пред сè за анализа на акцизни стоки и примена на различни методи.



Hplc – течен хроматограф анализатор



GC/MS спектрометар WDXRF-спектрометар

Посебно значајно е што преку овој проект во рамките на ИПА 2013, вработените во Царинската лабораторија добија и обука за самостојно вршење анализи.



Нова опрема во царинската лабораторија

Преку Проектот TTFSE II финансиран од Светска банка, во 2013 година се пушта во употреба реконструираниот и модернизиран дел од граничниот премин Блаце.



Царински терминал на Граничен премин Табановце 2018 година

Преку ЕУ фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), извршена е реконструкција и надградба на објектите на повеќе гранични премини и обезбедена е опрема за ефикасно спроведување на царинските постапки

- Во 2018 година се пушта во употреба новиот царински терминал на граничниот премин Табановце, а преминот е проширен со две нови ленти на излез;
- Во 2019 година се пушта во употреба нов увозно-извозен царински терминал на граничниот премин Ќафасан, со површина од 9500 метри квадратни со пристапни патишта, објекти за царинење и за други инспекциски органи;
- Во употреба се пушта целосно реновираната управна зграда и придружни објекти на ГП Богородица, преку проектот „BORDER IN“ од Програма IPA за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020.



Царински терминал на Граничен премин Ќафасан 2019 година



Царински терминал на Граничен премин Ќафасан 2019 година

Обезбедена е следната опрема:

- Современа опрема за Царинска лабораторија наменета за анализа на акцизни стоки и производи од хемиската индустрија, во 2018 година;
- Специфичен вид на опрема за подобрување на царинската контрола – возила за транспорт на царински кучиња и мобилен скенер (реализирано во 2021 година преку програмата ИПА 2) и

## Регионална интеграција и соработка

Во последните две години, Царинската управа спроведува повеќе активности во рамките на ЦЕФТА регионот и иницијативата Отворен Балкан, со цел дополнително олеснување на трговијата во регионот и забрзување на прекуграничниот проток.

Во 2019 година воспоставен е концептот на заеднички гранични премини - One Stop Shop контроли за проток на стоки и патници со Република Србија на Табановце – Прешево. Во јуни 2022 година, извршена е реконструкција, поставени се нови кабини, опремени се нови простории за работа на граничната полиција и царина на Србија, со што е овозможено контролите при проток на патнички и товарни возила да се вршат на единствено застанување на граничниот премин и тоа на влез во државата на Табановце, а на излез на граничниот премин Прешево, на страната на Србија.




Започнување со примена на One Stop Shop на ГП Табановце 2019 година

На 19 март 2022 година на граничниот премин Табановце и Прешево поставена е првата табла која означува приоритетна зелена лента за товарните возила од земјите од иницијативата Отворен Балкан, како и товарни возила за иматели на одобренија за Овластен економски оператор - АЕО од Република Северна Македонија и Србија и Зелените коридори. За товарните возила од иницијативата Отворен Балкан се намалува времето на чекање на граничните премини преку даден приоритет во преминувањето на границата и спроведување на царинските формалности со скратени и олеснети физички и документациски контроли. Покрај Табановце, ваква информативна табла Царинската управа е поставена и на граничниот премин Ќафасан.




Поставена првата табла за Отворен Балкан на ГП Табановце




Состанок за Отворен Балкан 2021

На 1-ви февруари 2022 година стапи во сила Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Албанија за воспоставување на One Stop Shop - заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, потпишан во Тирана на 10 јуни 2021 година. Договорот беше ратификуван од Собранието на Република Северна Македонија на 9 декември 2021 година.

Во рамките на Договорот предвидено е воспоставување заеднички гранични премини за меѓународен патен сообраќај на државната граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија. Во рамки на овој Договор, се поедноставуваат и забрзуваат царинската контрола и граничните проверки, со цел олеснување на движењето на патниците и стоката.

Со Косово е потпишан Договор и протокол за имплементација на заедничко гранично регулирање на железничкиот сообраќај награничен премин Блаце, а се разгледуваат можностите и се дефинираат начините за воспоставување OneStopShop и на патниот граничен премин Блаце.

## СЕЕД+

Со регионалниот проект SEED+ во рамките на ЦЕФТА и согласно Дополнителниот протокол 5 - АП5, предвидено е воспоставување на размена на прекуграничните документи, размена на податоци во делот на управување со ризик, како и воспоставување на заеднички профили на ризик.

Со вклучување на инспекциските служби кои имаат надлежност за постапување на граничните премини: АХВ и ДИЗ, во рамките на проектот интензивно се работи на имплементацијата на европскиот систем TRACES NT кој треба да се имплементира во ЦЕФТА регионот.

## ОЕО

Примената на концептот „Овластен економски оператор“ обезбедува поголемо користење на поедноставените царински постапки, приоритетен третман при спроведување на царинските контроли, намален број на физички и документарни контроли од царинските органи, избор на местото за контрола, како и други директни и индиректни поволности. Се постигнува намалување на времето на спроведување на царинските постапки  за стоките, намалување на трошоците за увоз и извоз, зголемување на конкурентноста и поголема интеграција на македонските компании на регионалните и европските пазари.

Лого за Овластен економски оператор

Во 2022 година забележан е значаен напредок и во иницијативата за взаемно признавање на компаниите со статус на Овластен економски оператор (ОЕО).

Со Република Србија се регулирани сите формалности за взаемно признавање на статусот на ОЕО, а процедурата за оперативна примена на протоколот за взаемно признавање потпишан во декември 2021 година.

На 29 март 2022 година, Владата на Република Северна Македонија го утврди и заклучи  Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор.

## Зелени коридори

„Зелените коридори“ за проток на осетлива стока успешно и непречено функционираат во регионот со земјите на ЦЕФТА од 2021 година. Во Република Северна Македонија тие се применуваат на граничните премини: Табановце, Блаце и Ќафасан, при што важат за усогласена ЦЕФТА-приоритетната листа каде се предвидени стоките што ќе имаат првенство на минување. Листата е јавно достапна (на веб страницата на ЦУ) и содржи прехранбени производи – месо, зеленчук, потоа медицинска опрема, лекови – точно определени по тарифни броеви. За овие стоки Царинските управи обезбедуваат приоритетен третман при премин на границата и при царинење, а списокот на овие стоки може да се менува и усогласува со сите ЦЕФТА земји.




Потпишување на Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци со Република Грција

Исто така, информациите за овие видови стоки пред пристигнување се праќаат и се добиваат преку електронскиот систем на ЦЕФТА - СЕЕД. Идентификацијата се врши врз основа на тарифните ознаки, внесени во извозните и транзитните декларации.

Позитивното искуство од примена на Зелените коридориво рамки на ЦЕФТА се пренесува кон активности на нивно проширување кон соседните земји-членки на ЕУ.

На почеток на јули 2022 година, во рамките на Форумот за конективност во Солун, директорите на Царинската управа на Република Северна Македонија и Република Грција потпишаа Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци, со кој се овозможува примена на Зелените коридори за стоки кои излегуваат кон Република Грција, како и електронска размена на сет на податоци, пред пристигнување, преку системот ЦЕФТА - SEED системот, а на билатерални средби се разгледува и проширување кон Република Бугарија.

## Заштита на општеството

Модерната царинска служба има исклучително важна улога и во заштитата на безбедноста и здравјето на граѓаните, како составен дел од системот за спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување на трговија со забранета стока и финансирање тероризам, како и заштита на животната средина и културното наследство. Веќе повеќе години техничка поддршка во овој дел добиваме и повеќе меѓународни организации.



Отворен ден - Посета на ученици во дежурен царински центар

Царинската управа континуирано работи на усовршување на системите за спроведување, контрола и примена на законите, следејќи ги европските искуства и практики во овој дел, во управувањето со анализата на ризиците, царинско разузнавање, контролата на трговските друштва, истрагите и работата на мобилните тимови.

Во рамки на Одделението за истраги во 2019 година се формира посебна Служба за финансиски истраги, специјализирана за водење предистражна постапка за кривични дела од областа на јавните финансии, платниот промет и стопанството, како и пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнат имот и криминални приноси кои се предмет на перење пари и друг имот.

Управувањето со ризици се унапредува и успешно имплементира, преку Системот за анализа на ризик, во рамките на системот СОЦДАД и НКТС, каде се креирани бази на податоци кои служат за анализа и контрола на таргетирани ризици.

Царинската управа перманентно работи и на понатамошен развој и зголемување на капацитетите за вршење царинска контрола на трговските друштва по спроведено царинење, како и надзор на имателите на одобренија за царински постапки.




Мобилен скенер

Како резултат на извршените контроли и оперативни дејствија за спречување на нелегалната трговија на стока, спречени се повеќе обиди за криумчарење стока, нелегална трговија на психотропни супстанци, нелегално изнесување и внесување на ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато, криумчарење мигранти, царинска измама, како други кривични дела и царински прекршоци.




Кампања за борба против корупција

**ЗАПЛЕНИ И НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА ВО ПОСЛЕДНАТА ДЕКАДА**

| | | |
|---|---|---|
| Канабис droги: | ➡ | преку 545 тони |
| Психотропни супстанци: | ➡ | преку 422 килограми |
| Нелегално изнесување/ внесување на валути: | ➡ | 4.811.000,00 EUR |
| | ➡ | 465.020,00 USD |
| | ➡ | 737.000,00 CHF |
| | ➡ | 60.000,00 GBP |
| Обиди за криумчарење на мигранти: | ➡ | 160 обиди - над 3,000 мигранти |

Во третата декада бележиме заплена на преку 110 килограми златен и сребрен накит.

Во борбата против криминалот и во насока на фискалната заштита која ја има Царинската управа, значајни се заплените на тутун и производи од тутун, особено оние кои подлежат на акциза (цигари, цигарилоси и пури), каде успесите на Царинската управа се мерат во илјадници тони заплени на овој вид стоки. Големи се и запленините на алкохолни пијалаци, прехранбени и текстилни производи, лекови и медицински помагала, живи животни, парфеми и разни козметички препарати.





Спречено е криумчарење на папагали

Еден од главните фокуси на царинското работење е постапувањето согласно CITES конвенцијата[72], чија цел е заштита од губење на биодиверзитетот, предизвикано од прекумерната експлоатација на живиот свет од страна на човекот. Токму затоа, во голем број случаи спречено е криумчарење на разни врсти заштитени видови: птици, желки, змии, риби, како и разни видови печурки и растенија.

Значајна е улогата на Царинската управа и во заштитата на културното наследство. Разни материјални и нематеријални добра, коишто како израз или сведоштво на човечкото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење, се наоѓаат под правен режим. Оттаму, во периодот од 2012 до 2021 година во повеќе издвоени случаи Царинската управа спречи криумчарење на стотици предмети, како на пример монети и разни артефакти. Најголем дел од нив потекнуваат од II до IV век, а некои и пред новата ера. Царинската управа перманентно презема активности за унапредување на капацитетот за идентификување, заштита и спречување на нелегално изнесување на културното наследство на Република Северна Македонија.

Позначајни заплени во трета декада



ГП Табановце - 2015 година - на излез од државата, откриени 152.395 евра



ГП Аеродром Скопје – во 2016 година - при влез во државата запленети околу 4,51 килограми хероин

72 Convention on International Trade in Endangered Species of Wild Fauna and Flora – CITES, Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора



ЦИ Скопје 3 – 2016 година
пронајдени 70 килограми
марихуана



ГП Блаце – 2017 година - при
влез во државата запленети се
997116 килограми марихуана



ГП Аеродром – 2017 година
- при излез од државата
откриени 105.000 евра



ГП Богородица - при влез во
државата запленети 309585
килограми марихуана



ГП Богородица – 2018 година
- на излез од државата,
запленети се 550 килограми
марихуана



Меѓународен Аеродром Скопје
– 2018 година - при влез во
државата, откриен е накит од
бело злато во комбинација
со голем број брилијанти,со
вредност од околу 450 илјади
евра



ГП Табановце – 2019 година
- при излез од државата
запленети се 356,3 килограми
марихуана



ГП Дојран – 2020 година -
пронајдени 139 килограми
марихуана



ГП Деве Баир – 2021 годи на
– запленети непријавени
100.000 швајцарски франци

## Организација и управување

Вработените се движечката сила на Царинската управа. Развојот и напредокот на Царинската управа и зголемувањето на ефикасноста во работењето е проследено со перманентното унапредување на организационата структура и управувањето со човечките ресурси, согласно потребите и новините.

Во 2012 година направени се измени во Правилникот за организација на работата во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места, со кои во Секторот за контрола и истраги се формира Служба за координација и комуникација и Служба за аналитика и статистика, а во Секторот за професионална одговорност се формира ново Одделение за интегритет. Се прават и организациски промени во Кабинетот на директорот каде е формирано ново одделение со три служби: Служба за односи со јавност, Служба за кореспонденција и административно технички работи и организациски работи и Служба за превод. Донесено е Упатство за начинот на формирање и следење на работата на работните тела со кое се пропишува начинот на формирање на работните тела, водење евиденција, следење и информирање за работата и реализацијата на нивните задачи, како и Упатство за начинот на издавање и одземање на службена легитимација на царинските службеници. Формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација се пропишани со Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници[73].

73 „Сл.весник на РМ" бр.159/2011



Царинска униформа

Измените на Законот за Царинска управа[74] во септември 2012 година даваат можност за прераспоредување на вработените во Царинската управа на работни места со различен статус, сè со цел овозможување флексибилност и рационалност во управувањето со човечките ресурси за остварување на целите и надлежностите на Царинската управа.

Во 2014 година се донесени измени во Законот за Царинската управа[75], со кои се врши групирање на царинските службеници – класифицирање во 3 категории: Б – раководни царински службеници, В – стручни царински службеници и Г – помошно-стручни царински службеници. Во рамки на секоја категорија се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на царинските службеници. Со законските измени од 2019 година и усогласувањето со одредбите на Законот за Царинската управа и Законот за прекршоци се

74 („Сл.весник на РМ" бр.113/2012)

75 „Сл. весник на РМ" бр. 43/14 и бр.167/14

воведе нова структура на прекршоци, така што прекршоците за кои е предвидено изрекување поголема прекршочна глоба повторно преминуваат во надлежност на судот.

Преку Секторот за управување со човечки ресурси, истата година се започнува со спроведување на функционална анализа, со фокус на административните капацитети, целите, функциите, структурата, процедурите и човечките ресурси. Донесени се нови измени во Правилник за внатрешна организација на работните места во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа, при што Одделението за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција се проширува и станува Сектор за меѓународна соработкаи европска интеграција, проекти и стратешко планирање.

Со тоа, во поставеноста, Царинската управа се дели на 11 сектори, 41 одделенија, 49 служби, 2 самостојни одделенија, 5 царинарници и 42 царински испоставиЦаринската управа своите надлежности ги спроведува преку царинска постапка во патнички и стоков промет, како на самата граница, така и во внатрешноста на целата територија на државата преку петте царинарници – Скопје, Куманово, Штип, Гевгелија и Битола.


ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР
ДИРЕКТОР
1. Одделение кабинет на директорот
1.1. Служба за односи со јавноста
1.2. Служба за кореспонденција и организациски работи
Советници на директорот
14. Царинарница Скопје
15. Царинарница Куманово
16. Царинарница Штип
17. Царинарница Гевгелија
18. Царинарница Битола
2. Одделение за внатрешна ревизија
3. Сектор за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање
3.1.1. Служба за меѓународна соработка и европска интеграција
3.1.2. Служба за превод
3.1. Одделение за меѓународна соработка и европска интеграција
3.2. Одделение за проекти и стратешко планирање
3.2.1. Служба за проекти
3.2.2. Служба за стратешко планирање
4. Сектор за професионална одговорност
4.1. Одделение за внатрешна контрола
4.2. Одделение за внатрешни истраги
4.3. Одделение за интегритет
5. Сектор за царински систем
5.1. Одделение за царински и даночни постапки
5.2. Одделение за гранични и транзитни формалности
5.2.1 Служба за гранични и транзитни формалности
5.2.2. Служба за испитна постапка и наплата на царински долг во транзит
5.3. Одделение за царинска тарифа, потекло и вредност на стоки
5.3.1. Служба за царинска тарифа
5.3.2. Служба за потекло и царинска вредност на систем
5.4. Одделение за интегрирана тарифа – ТАРИМ
5.5. Одделение за царинска лабараторија
6. Сектор за акцизи
6.1. Одделение за алкохол, алкохолни пијалоци и тутунски производи
6.2. Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни масла
6.3. Одделение за акцизни дозволи и одобренија
6.4. Одделение за надзор, проверка и координација
6.4.1. Служба за надзор, проверка и аналитика
6.4.2. Служба за координација и врски (EMCS)
6.5. Одделение за нетарифни мерки и заштита на правата од интелектуална сопственост
6.5.1. Служба за нетарифни мерки
6.5.2. Служба за заштита на правата од интелектуална сопственост
7. Сектор за контрола и истраги
7.1. Одделение за истраги
7.1.1. Служба за борба против економски криминал
7.1.2. Служба за борба против криумчарење
17.1.3. Служба за борба против финансиски истраги
7.2. Одделение за разузнавање
7.3. Одделение за управување со ризици
7.3.1. Служба за управување со ризици
7.3.2 Служба за аналитика и статистика
7.4. Одделение за контрола на трговските друштва
7.5. Одделение за оперативни работи
7.5.1. Служба за мобилни тимови
7.5.2. Служба за мобилен скенер
7.6. Одделение за дежурен царински центар
7.6.1. Служба за координација и операции
7.6.2. Служба за сервисен центар
8. Сектор за посебни истражни мерки
8.1. Одделение за посебни истражни мерки
8.1.1. Служба за маркирање
8.1.2 Служба за репродуценти
8.1.3. Служба за техничка обработка на посебни истражни мерки
8.2. Одделение за следење, набљудување и документирање
8.2.1. Служба за следење и набљудување
8.2.2. Служба за техничка поддршка
9. Сектор за управување со човечки ресурси
9.1. Одделение за кадрови
9.2. Одделение за обуки
10. Сектор за финансиски прашања
10.1. Одделение за сметководство и плаќање
10.1.1. Служба за сметководство
10.1.2. Служба за плаќање
10.2. Одделение за буџетска координација и контрола
10.2.1. Служба за буџетска координација
10.2.2. Служба за буџетска контрола
10.3. Одделение за наплата на приходи
10.3.1. Служба за гаранции
10.3.2. Служба за наплата на приходи
10.3.3. Служба за присилна наплата
11. Сектор за административни и технички работи
11.1. Одделение за јавни набавки
11.2. Одделение за безбедност, заштита при работа и возен парк
11.3. Одделение за инвестиции, имплементација на проекти и одржување
11.4. Одделение за управување со гранични премини
11.4.1. Служба за управување со гранични премини Царинарница Скопје
11.4.2. Служба за управување со гранични премини Царинарница Куманово
11.4.3. Служба за управување со гранични премини Царинарница Штип
11.4.4. Служба за управување со гранични премини Царинарница Гевгелија
11.4.5. Служба за управување со гранични премини Царинарница Битола
11.5. Одделение за материјално работење, основни средства и одземена и отстапена стока
12. Сектор за правни работи
12.1. Одделение за правни работи, застапување пред судови и управна постапка
12.1.1. Служба за правни работи
12.1.2. Служба за застапување пред судовите
12.1.3. Служба за управна постапка
12.2. Одделение за прекршочна постапка
12.3. Одделение за канцелариско и архивско работење
13. Сектор за информатички комуникациски технологии
13.1. Одделение за ИКТ инфраструктура и безбедност
13.1.1. Служба за ИКТ инфраструктура
13.1.2. Служба за ИКТ контрола и безбедност
13.2. Одделение за апликативна подршка
13.2.1. Служба за управување со апликации
13.2.2 Служба за корисничка поддршка
13.3. Одделение за програмирање, податочно складирање и развој
13.3.1. Служба за програмирање и податочно складирање
13.3.2. Служба за развој


ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР
ДИРЕКТОР
Советници на директорот
1. Одделение кабинет на директорот
1.1. Служба за односи со јавноста
1.2. Служба за кореспонденција и организациски работи
2. Одделение за внатрешна ревизија
3. Сектор за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање
4. Сектор за професионална одговорност
5. Сектор за царински систем
6. Сектор за акцизи
7. Сектор за контроли и истраги
8. Сектор за посебни истражни мерки
9. Сектор за управување со човечки ресурси
10. Сектор за финансиски прашања
11. Сектор за административни и технички работи
12. Сектор за правни работи
13. Сектор за информатички и комуникациски технологии
14. Царинарница Скопје
14.1. Служба за надзор на иматели на одобренија
14.2. Царинска испостава Скопје 1
14.3. Царинска испостава Скопје 2
14.4. Царинска испостава Скопје 3
14.5. Царинска испостава Скопје 4
14.6. Царинска испостава Пошта Скопје
14.7. Царинска испостава Меѓународен аеродром Скопје
14.7.1. Отсек за патнички промет
14.7.2. Отсек за стоково царинење
14.8. Царинска испостава Блаце
14.8.1. Отсек за патнички промет
14.8.2. Отсек за стоково царинење
14.9. Царинска испостава Тетово
14.10. Царинска испостава Јажинце
14.11. Царинска испостава Слободна зона Скопје
15. Царинарница Куманово
15.1. Служба за надзор на иматели на одобренија
15.2. Царинска испостава Куманово
15.3. Царинска испостава Табановце - автопат
15.3.1. Отсек за стоково царинење
15.3.2. Отсек за патнички промет
15.4. Царинска испостава Деве Баир
15.4.1. Отсек за стоково царинење
15.4.2. Отсек за патнички промет
15.5. Царинска испостава Ж.С. Табановце
15.6. Царинска испостава Пелинце
15.7. Царинска испостава Беланоце
16. Царинарница Штип
16.1. Служба за надзор на иматели на одобренија
16.2. Царинска испостава Штип
16.3. Царинска испостава Велес
16.4. Царинска испостава Делчево
16.4.1. Отсек за стоково царинење
16.4.2. Отсек за патнички промет
16.5. Царинска испостава Делчево
17. Царинарница Гевгелија
17.1. Служба за надзор на иматели на одобренија
17.2. Царинска испостава Ж.С. Гевгелија
17.3. Царинска испостава Гевгелија
17.4. Царинска испостава Дојран
17.5. Царинска испостава Струмица
17.6. Царинска испостава Кавадарци
17.7. Царинска испостава Богородица
17.8. Царинска испостава Ново Село
17.8.1. Отсек за стоково царинење
17.8.2. Отсек за патнички промет
18. Царинарница Битола
18.1. Служба за надзор на иматели на одобренија
18.2. Царинска испостава Битола
18.3. Царинска испостава Меџитлија
18.3.1. Отсек за стоково царинење
18.3.2. Отсек за патнички промет
18.4. Царинска испостава Прилеп
18.5. Царинска испостава Стење
18.6. Царинска испостава Охрид
18.7. Царинска испостава Аеродром „Св. Апостол Павле - Охрид"
18.8. Царинска испостава Ќафасан
18.8.1. Отсек за стоково царинење
18.8.2. Отсек за патнички промет
18.9. Царинска испостава Блато
18.10. Царинска испостава Св.Наум
18.11. Царинска испостава Струга

Во јануари 2022 година донесена е Стратегијата за развој и Акционен план на Царинската управа за периодот 2022-2024 година со нова ревидирана структура и методологија според најдобрите европски практики, каде се дефинирани приоритетите и целите за развој на Царинската управа во следниот три годишен период. Оваа стратегија и акциониот план ги опфаќаат идните активности на Царинската управа во насока на: зачувување на финансиските интереси на државата, понатамошно олеснување на трговијата преку усогласување на регулативата и дигитализација на работењето согласно европските стандарди и практики, заштита на здравјето и безбедноста на граѓаните, како и унапредување на инфраструктурата и организацискиот развој, преку подобрување на условите за работа и одржување високи стандарди за интегритет на своите вработени.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

### Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси

Обезбедување на ефикасна наплата на приходи

Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии

### Олеснување на трговијата

Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на ЕУ

Дигитализација на царинските и акцизни постапки

Модернизација на царинската ИКТ инфраструктура за поддршка на работењето

Олеснување на трговијата преку регионална економска интеграција

### Заштита на општеството

Сузбивање на нелегалната трговија и организираниот криминал

Обезбедување на ефикасно управување со акцизните добра

Зајакнување на областа „забрани и ограничувања"

### Организациски и инфраструктурен развој

Зајакнување на системот за управување со човечките ресурси

Спречување на несоодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола

Модернизација на инфраструктурата на граничните премини

Подобрување на контролата на квалитетот на работните процеси

Промоција и меѓународна соработка

Стратешка мапа на Царинската управа, 2022



Седница на Колегиум на Царинската управа-2022 година

Со цел ефикасно следење на развојните активности на Царинската управа како и заради контрола на квалитетот на нивната имплементација, во почетокот на 2022 година, направени се измени во раководните организациони структури. Покрај Колегиумот на ЦУ, како највисока управувачка структура, формирани се и четири Комитети кои на експертско и менаџерско ниво покриваат различни домени од царинското работење. Тие го следат напредокот и тековните прашања и проблеми од различни области на царинското работење.

Во март 2022 година, Царинската управа има вкупно 1243 вработени.

Од вкупно вработените, 329 се жени од кои 62 се на раководни места и 850 се мажи, од кои 128 се на раководни позиции. Според степенот на образование, поставеноста на вработените во Царинската управа на почетокот на март 2022 година ја има следната структура:

| Возраст | мажи | жени | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| 20-30 | 37 | 2 | 39 | 3.29 |
| 31-40 | 188 | 47 | 235 | 19.80 |
| 41-50 | 322 | 142 | 464 | 39.09 |
| 51-60 | 266 | 125 | 391 | 32.94 |
| 61-67 | 45 | 13 | 58 | 4.89 |

Структура на вработени

**СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ**

- 3 Доктори на науки
- 66 Магистри
- 712 Со високо образование
- 11 Со вишо образование
- 447 Со средно образование
- 3 Со друго образование

**Вкупно вработени во Царинска управа 1243**

Континуираните обуки на царинските службеници се предуслов за достигнување на потребните знаења, вештини и професионален развој и поддржуваат полесно напредување во кариерата. Системот за обуки и стручно оспособ-

ување, како клучен предуслов за успешна имплементација на стратешките и оперативни цели, се заснова на политиките за управување со човечки ресурси на Царинската управа. Континуираната обука на царинските службеници и на обучените обучувачи е само еден сегмент од стратешкиот приоритет – инвестирање во вработените.

Царинската управа, со големо внимание пристапи и кон управувањето со квалитетот на процесите во царинското работење. Во 2013 година се стекна со ISO 9001:2008 сертификат за управување со квалитет, а во 2016 година ја имплементира Заедничката рамка за оценка (CAF)[76], една од најдобрите европски практики за воведување на систем на целосно управување со квалитет во јавните институции. Во декември 2019 година е добиен сертификатот на системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, по успешно спроведена сертификациска проверка на исполнетоста на барањата на меѓународниот стандард од страна на надлежно сертификационото тело[77]. Поседувањето на овие сертификати значи дека сите процеси и постапки кои се спроведуваат во Царинската управа, како и услугите кои ги дава и нуди на заинтересираните страни, се во согласност со барањата на високите меѓународни стандарди.


МКД
СЕРТИФИКАТ
ЦАРИНСКА УПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Сертификат за ИСО стандарди

Во 2012 година се продолжува со реформи во областа на стручното оспособување, донесена еПрограма за обуки и стручно оспособување базирана на потребите кои произлегуваат од процесот на работа. Имајќи ја предвид важноста на обуките како една од значајните алатки за постигнување на резултатите и исполнување на стратешките цели, Царинската управа го систематизира секој чекор во циклусот на обука, почнувајќи од утврдување на потребите од обука, нивна анализа и проценка, планирање и обезбедување ресурси, спроведување и оценување на обуката, со цел утврдување на ефектите и ефикасноста на вложените ресурси. Во 2013 година е донесено Упатство за планирање, организирање, спроведување и оценување на обуките со кое се поставува основа за унапредување и надградување на процесите за стручно усовршување на царинските службеници.

76 CAF – Common Assessment Framework

77 МКД Сертификат




е-Учење

Моделот на децентрализирана обука применет при воведување на НКТС системот во 2014 година е применет и при воведување на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи – СОЦДАД во 2019 година, при што се одржани повеќе практични обуки за царински службеници од испоставите, од страна на проектниот тим, кои потоа одржаа обуки за вработените во нивните организациски единици.

Во третата декада, од 2012 до 2021 година се реализирани вкупно 2526 активности на стручно оспособување на царинските службеници во кои биле опфатени вкупно 25384 учесници. Вкупниот број часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека секој вработен посветил приближно 25 работни дена на обуки.Во соработка стратешките партнери на Царинската управа, со стопанските комори, економските оператори и другите институции, постојано се организираат и реализираат настани – советувања, презентации и обуки за претставници од бизнис заедницата и вработени на институциите чии работни процеси вклучуваат царинска постапка. Во континуитет се организираат и спроведуваат и дополнителни и претходни обуки за царински застапници, како законска обврска согласно Законот за застапување.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 5 ГОДИНИ

| Главни области | Година | Број на обуки | Учесници |
|---|---|---|---|
| • Обуки за ИКТ системи<br>• Обуки за контрола и истраги | 2021 | 148 | 1.919 |
| | 2020 | 131 | 1.210 |
| | 2019 | 328 | 3.482 |
| | 2018 | 287 | 1.961 |
| | 2017 | 188 | 1.147 |

## Меѓународна соработка

Царинската управа долги години station наназад учествува и дава свој придонес во голем број меѓународни проекти, оперативни операции, состаноци, работилници и настани на различни нивоа.Таа во континуитет работи на подобрување и проширување на меѓународната соработка на сите нивоа. Исклучително значајна е соработката со Европската Унија, Светската царинска организација, UNODC, UNDP[78], Германското друштвото за меѓународна соработка (GIZ)[79], SELEC,OSCE[80], CEFTA[81], RILO, OLAF[82], INTERPOL[83], EUROPOL[84], билатералната соработка со владата на Соединетите Американски Држави, со земјите од ЕУ и од Западен Балкан, како и со многу меѓународни организации.Овие активности,имаат за цел надградување на постоечките и воведување нови практики, во согласност со меѓународните искуства и препораки.



Посета на Царинска управа на Република Хрватска



Посета на Царинска управа на Република Хрватска

Царинската управа континуирано учествува во активностите на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и ода-

78 United Nations Development Programme – Програма за развој на Обединетите нации

79 The Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) – Германско друштво за меѓународна соработка

80 Organization for Security and Co-operation in Europe – Организација за безбедност и соработка во Европа

81 Central European Free Trade Agreement (CEFTA) – Централно европски договор за слободна трговија

82 European Anti-Fraud Office (OLAF) – Европска канцеларија за борба против измами

83 International Criminal Police Organization (INTERPOL) – Меѓународна организација за криминалистичка полиција

84 European Union’s law enforcement agency (EUROPOL) – Агенцијата на Европската Унија за спроведување на законот

ночување, работно тело во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, на чии состаноци се презентира остварениот напредок што нашата земја го има постигнато во однос на слободното движење на стоки, претпријатија и индустриската политика, туризмот, оданочувањето, Царинска унијата и трговски прашања. На состаноците редовно се констатира добро ниво на усогласеност со царинското законодавство на ЕУ и развојот на ИТ системите. Царинската управа редовно се оценува во Извештаите на Европската комисија за напредокот на земјата, каде во поглавјето „Царинска унија" се нотира дека таа е една од институциите со најголем напредок и високо ниво на подготвеност за евроинтегративниот процес.



Објаснувачки скрининг за Поглавје 29 - 2019година

Во 2019 година Управата учествува на објаснувачкиот скрининг за почеток на преговорите со ЕУ. Од аспект на подготвеност за почеток на преговори за членство, Европската комисија потврди дека Царинската управа е високо позиционирана и е една од водечките управи во регионот.

Во соработка со Државниот царински комитет на Република Азербејџан во ноември 2013 година во Скопје, Царинската управа беше домаќин на Регионална конференција за улогата на Царината во заштитата на културното наследство.

Во 2015 година се потпишува Рамковниот договор за соработка во олеснување на царинењето помеѓу Царинските управи на Кина, Унгарија, Србија и Македонија. Овој договор предвидува постојана размена на информации за спречување, откривање и борба против прекуграничниот криминал и царински измами.




Примопредавање на донирана опрема на ГП Блаце



Донација на опрема од Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) на САД



ОБСЕ – Заедничка оперативна акција

Започнато е воспоставување на заедничко гранично управување со Албанија и Косово. На граничниот премин Ќафасан-Кафтане, во 2021 година, преку Проектот за Регионален економски развој, управување и раст на претпријатијата[85] на УСАИД, се набави опрема за контроли, се реализираа обуки и студиски посети за царински службеници од двете држави.



Демонстрација на опрема за контрола

Во 2020 година, Владата на Јужна Кореја со грант средства го поддржува градењето на капацитетите на Царинската управа, во делот на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови и анализа на ризик во е-трговија (Консултантски проект за модернизација на Царината на Северна Македонија за 2020 година[86]). Се подобруваат

85 USAID regional Economic Development, Governance and Enterprise Growth – EDGE Project

86 2020 Customs Modernization Consulting Project for North Macedonia

услугите и се зголемува националната безбедност преку подобра контрола на меѓународното движење на стока и патници.



Работна средба со кореанска царина














Конференција ПИКАРД на СЦО – Скопје, 2019

Во 2019 година Царинската управа беше домаќин на 14-тата Светска царинска конференција PICARD, во организација на Светската царинска организација и во соработка со Царинската служба на Република Кореја.

Главна тема на конференција беше „SMART BORDERS за непречена трговија, патување и транспорт", со потврдена определба за непречено движење на стоки, патници и транспортни средства преку границите. На конференцијата присуствуваа околу 200 учесници, академски граѓани со свои трудови, консултанти од повеќе области, но и слушатели од целиот свет.

Во 2021 година, направени се позначајни измени на договорите за слободна трговија, со кои во трговијата со ЕУ и ЕФТА земјите започнаа да се применуваат нови, полиберални правила за потекло, се воведе можноста за примена на целосната кумулација како принцип за стекнување на потекло во зоната на кумулација и се укина забраната за поврат или изземање од царински давачки во трговската размена. Во трговијата со земјите во регионот и понатаму се применува Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло (ПЕМ Конвенција) како основа за примена на преференцијалните правила за потекло.



30-ти Форум за економски и еколошки прашања на ОБСЕ







Царинската управа дел од вториот скопски економски и финансиски форум – СЕФФ, Скопје мај 2022

# Директори на Царинската управа

Во текот на изминативе три декади од осамостојувањето, Царинската управа ја раководеле осум директори.



## Димитар Бузлевски

(април 1993 - декември 1994 година)

Роден е 1952 година во Јанковец, Ресенско. Завршил Економски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Од 1980 година е ангажиран во инвестиционата група за изградба на фабриката за преработка на овошје „Ипос-Преспа“во Ресен. Од 1982 година е потпретседател, а од 1986 година претседател на Извршниот совет на Собранието на Општина Ресен. Од 1989 година бил финансиски директор на АД „Агроплод“ Ресен. Во периодот 1994-1997 година ја извршува функцијата министер за сообраќај во Владата на Република Македонија и до 1998 година е потпретседател на Владата на Република Македонија. Во 1998 година е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија. Бил член на пратеничките групи на Собранието за соработка со Парламентите на Република Албанија и на Република Полска.Од 2005 до 2009 година ја врши функцијата Градоначалник на Општина Ресен. Од 2009 година до пензионирање е извршен директор на компанијата „Линконсалтинг“.



## Илија Илоски

(март 1995 - ноември 1998 година;

декември 2004 - март 2006 година)

Роден е на 30 јули 1958 година во с.Велмеј, Општина Охрид. Завршил Економски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Од 1984 година работи во „ЕМО“, Охрид на повеќе позиции – референт по финансии, раководител по финансии, финансиски директор, помошник директор за финансии, заменик генерален директор и генерален директор. Во 1998 година е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија, каде е член на Комисија за финансирање и буџет. Во 2003 година е назначен за генерален директор на Македонска банка за поддршка и развој. Од 2006 година е прв оперативен директор на „Комерцијална банка“ АД Скопје, каде е и член на Управниот одбор.



## Драган Даравелски

(јануари 1999 - ноември 2002 година)

Роден е на 12 април 1956 година во Куманово. Завршил правен факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. По завршувањето на факултетот до 1999 година работи во приватен сектор. На 26 јануари 1999 година е назначен за директор на Царинската управа, каде останува до 2002 година.



## Љубомир Михајловски

(декември 2002 - декември 2004 година)

Роден е на 10 декември 1954 година во Скопје. Завршил Правен факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 1981 година извршува работни задачи како инспектор во Пазарниот и Трудов инспекторат. Од 1983 година работи во Министерството за внатрешни работи на повеќе позиции – инспектор во Управата за оперативни работи, самостоен инспектор за превенција на криминал, постар инспектор за илегална трговија со дрога, началник на СВР Охрид, Кичево, Дебар и Струга, началник на Сектор за борба против криминалот, началник на Сектор за криминална полиција, заменик на помошникот на министерот за криминална полиција при Министерството за внатрешни работи и потсекретар за Јавна безбедност. Во периодот од 2000 до 2002година и од 2006 година работи како адвокат. Во 2004 година е избран за министер во Министерството за внатрешни работи. Во мај 2018 година избран е за претседател на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Северна Македонија, а на истата функција е реизбран во јуни 2022 година.



## Ванчо Каргов

(септември 2006 - јануари 2014 година)

Роден е на 20 август 1960 година во Штип. Завршил Економски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје. Кариерата ја започнува во 1987 година како советник во Дирекција за корпоративно долгорочно кредитирање, Банка за надворешна трговија, Скопје. Од 1993 е советник во Народната банка каде во 1997 година е назначен за заменик директор на Дирекцијата за управување со девизни резерви, а во 2000 година за директор на Дирекцијата за финансии и сметководство во Народна банка. Истата година назначен е за државен секретар во Министерството за финансии и оваа функција ја извршува до 2003 година. Во периодот од август 2003 година до септември 2006 година ја извршува функцијата вицегувернер во Народната банка. Претседател е на Инспекцискиот совет од февруари 2014 година до јули 2015 година, по што од август 2015 година до јули 2018 година е назначен за советник во СТО и други меѓународни економски организации при Мисијата на Република Македонија во Женева. Во моментов ја извршува функцијата советник на гувернерот на Народната банка.



## Наташа Радеска Крстевска

(јануари 2013 - август 2017 година)

Родена е на 2 ноември 1975 година во Струга. Дипломира на Правниот факултет „Јустинијан I“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Кариерата ја започнува како адвокатски приправник. Од 2001 година ја извршува функцијата помлад соработник во Секторот трезор во Министерството за финансии, каде е унапредена во помошник раководител, а потоа и во раководител на Секторот за второстепена управна постапка од областа на даноците и царините. Во моментов ја извршува функцијата помошник раководител на Сектор за внатрешна ревизија во Министерството за финансии. Како професионалец во областа на јавната внатрешна финансиска контрола и правото, носител е на меѓународно признат сертификат за овластен внатрешен ревизор, издаден од Глобалниот институт за внатрешни ревизори „IIA Global“ и сертификат за положен нотарски испит од Министерството за правда.



## м-р Ѓоко Танасоски

(август 2017 - јануари 2021 година)

Роден е на 6 мај 1972 година во Скопје. Дипломирал на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, каде и магистрира на студиската програма – Индустриски менаџмент. Својата кариера ја започнува во 1998 година како менаџер за маркетинг и продажба во интернационална компанија специјализирана за индустриски набавки, а во 2003 година продолжува како раководител за меѓународна продажба и менаџмент на производен систем преку систематско следење на процесните параметри и стратешка анализа за одржливост. Во 2005 година продолжува како раководител за меѓународна комерција и управување со трошоци на производна линија „ЛТХ Леарница ДООЕЛ“, подружница Охрид. Во периодот 2009-2017 година е раководител на подружница на „Кроација Осигурување АД“, Скопје.



## м-р Славица Кутиров

(од февруари 2022 година)

Родена е на 18 декември 1969 година во Струмица. Дипломирала на Факултетот за електротехника и информациски технологии – насока Компјутерска техника, информатика и автоматика во Скопје, каде и магистрира на насоката Проектен менаџмент. Во Царинската управа е вработена од 1998 година како самостоен советник за развој. Во текот на својата кариера извршува работни задачи и како главен инспектор и самостоен советник за управување со проекти. Во 2018 година назначена е за помошник директор на Секторот за информатички и комуникациски технологии. На 30 јули 2021 година избрана е да ја извршува функцијата в.д. директор на Царинската управа.

# Прослава на јубилеј – 30 години Царинска управа – 30 години посветеност

Под слоганот „30 години самостојна Царинска управа – 30 години посветеност", Царинската управа во текот на април 2022 година, со низа настани го одбележа јубилејот - 30 години од своето основање како независна служба.




Одбележување на 30 години Царинска управа

Во насока на поттикнување на свесноста за важноста на чистата околина, беше организирана седмица на пошумување во која царинските службеници од петте царинарници, заедно со полициски службеници, како и со високи претставници од општините на чии територии се одвиваше пошумувањето, засадија над 100 млади дрвја.



Активност по повод Царински празник/Струмица



Активност по повод Царински празник/Скопје

Заедно со Црвен крст и Републичкиот завод за трансфузиологија, организирана беше и крводарителска акција која се спроведуваше на целата територија на државата. Крводарителската акција традиционално имаше голем одѕив кај царинските службеници, а донирани беа околу 100 единици крв.



Крводарителска акција по повод Царински празник

Во рамките на одбележувањето, на Меѓународниот аеродром Скопје на 8 април, 2022 година свечено беше отворена канцеларијата на Граничната меѓуагенциска единица, поддржана од Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC).




Почеток на работа на Гранична меѓуагенциска единица

Централната прослава по повод 30 годишнината на Царинската управа се одржа на 14 април 2022 година, на која присуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Бесими -министер за финансии,  високи претставници на Владата, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, претставници на дипломатско-конзуларните претставништва, државни институции, поранешни директори на Царинската управа, претставници на деловната заедница и други соработници. Почесен гостин на свечениот настан беше Стево Пендаровски, Претседателот на Република Северна Македонија.







Честитки за успешното триесетгодишно работење упатија претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, министерот за финансии  Фатмир Бесими, Генералниот секретар на Светска царинска организацијаи Кунио Микурија и директорот на Генералниот директорат за царини и оданочување на Европската комисија (DG TAXUD), Томас Герасимос.










Со доделување на плакети со повелба, Царинската управа ја изрази својата благодарност кон соработниците и партнерите за нивната поддршка во изминатите 30 години. Плакети беа доделени на Стопанската комора на Република Северна Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија,  Стопанската комора на северозападна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Царината на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Соединетите Американски држави и Делегацијата на Европската Унија.



Присутните на прославата имаа можност да проследат и демонстрација со опремата за контроли што се користи во секојдневното царинско работење и поблиску да се запознаат со улогата на Царината за заштитата на општеството.




По повод празникот, директорката на Царинската управа, додели благодарници на 145 царински службеници за 10, 20 и 30 години работен стаж во службата.



Наша движечка сила се вработените во Царинската управа.
Инвестираме во интегритетот и унапредување на нивните знаења и вештини.












ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

30 Години/Vjet

DREJTORIA E DOGANAVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

354.21.075.2:339.543(497.7)"1992/2022"

МОНОГРАФИЈА : 1992-2022 : 30 години Царинска управа / [автори
Драган Јолевски ... [и др.]. - Скопје : Царинска управа на Република
Северна Македонија, 2022. - 116 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Лидија Лекоска, Оливера Чаловска,
Јасминка Јакимовска, Лилјана Живковиќ Давиткова, Лихнида
Димковска, Жаклина Андреска, Јулијана Ристовска, Анастасија
Бачевска Васиќ

ISBN 978-608-65428-2-5

1. Јолевски, Драган [автор] 2. Андреска, Жаклина [автор] 3. Ристовска,
Јулијана [автор] 4. Бачевска Васиќ, Анастасија [автор]
а) Царинска управа -- Македонија -- 1992-2022

COBISS.MK-ID 58795781

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS